# ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**"Сл. весник на Р Македонија" бр.80/93 од 30.12.1993 година**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува задолжително пензиско и инвалидско осигурување на работниците во работен однос и на физичките лица кои вршат дејност, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

### Член 2

Пензиското и инвалидското осигурување на лицата кои не се задолжително осигурени според овој закон, односно осигурувањето на поголем обем на права од пензиското и инвалидското осигурување за лицата кои се задолжително осигурени според овој закон, може да се установи како доброволно осигурување, во согласност со овој закон.

### Член 3

Со задолжително пензиско и инвалидско осигурување по основа на работа, а врз начелото на социјална праведност се остваруваат права во случај на старост, намалување или губење на работната способност, смрт, телесно оштетување и потреба од помош и нега.

### Член 4

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од должината и обемот на вложувањето на средства за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

### Член 5

Права од пензиско и инвалидско осигурување се:

1) право на старосна пензија;
2) право на инвалидска пензија;
3) право на распоредување на друго соодветно работно место, право на соодветно вработување, право на преквалификација или доквалификација и права на соодветни парични надоместоци:
4) право на семејна пензија;
5) право на паричен надоместок за телесно оштетување;
6) право на најнизок износ на пензија.
7) право на паричен надоместок за помош и нега.

**Член 6**

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се неотуѓиви, лични материјални права и не можат да се пренесуваат на други лица.
Правата од пензиското и инвалидското осигурување не можат да застарат, освен пристигнатите, а неисплатени износи на пензии на други парични примања, во случаите утврдени со овој закон.
Користењето на правата од пензиското и инвалидското осигурување остварени според овој закон може да престане или да се ограничи само во случаи и под услови предвидени со овој закон.

**Член 7**

Средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување ги обезбедуваат осигурениците и работодавците.
Републиката обезбедува средства за пензиско и инвалидско осигурување во случаите и под услови утврдени со овој закон.
Средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, осигурениците ги обезбедуваат како средства за лична потрошувачка.

**Член 8**

Средствата за пензиското и инвалидското осигурување и правата од пензиското и инвалидското осигурување се обезбедуваат, односно се остваруваат во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фонд).
Фондот има својство на правно лице.
Седиштето на Фондот е во Скопје.

**Член 9**

Дејноста на Фондот е од јавен интерес.

**Член 10**

За остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување се обезбедува двостепеност на постапката во Фондот, односно кај работодавецот и судска заштита на правата.

## II. ОСИГУРЕНИЦИ

**Член 11**

Осигуреници со задолжително пензиско и инвалидско осигурување се:
1) работниците во работен однос во претпријатие и друго правно лице кое врши стопанска дејност, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и во домашно и странско физичко и правно лице (во натамошниот текст работодавец);

2) лицата на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија (војници по договор, помлади офицери, офицери и граѓански лица ва служба во Армијата);
3) избраните или именуваните носители на јавна и друга функција, ако за вршењето на функцијата примаат плата, односно остваруваат надоместок на плата за вршење на таа функција;
4) државјаните на Република Македонија кои на територијата на Република Македонија се вработени кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва или се во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или се во лична служба на странски државјани, ако со меѓународен договор не е поинаку определено;
5) државјаните на Република Македонија вработени во странство, ако за тоа време не се задолжително осигурени кај странски носител на осигурувањето;
6)државјаните на Република Македонија вработени кај странски работодавец во држава во која се задолжително осигурени, но во која правата од пензиското и инвалидското осигурување, што како права се утврдени со овој закон, не можат да ги остваруваат или не можат да ги користат надвор од таа држава;
7) физичките лица кои вршат дејност;
8) индивидуалните земјоделци- обврзници на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање (индивидуални земјоделци);
9) невработени лица кои примаат паричен надоместок;
10) инвалидите на трудот за време на чекање за упатување и за време на преквалификација или доквалификација и за време на чекање на распоредување на други соодветни работни места или соодветно вработување;
11) самостојните уметници кои со таков статус се здобиле според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на министерот за култура и
12) спортисти кои според критериумите на Сојузот на организациите на физичката култура на Република Македонија имаат статус на врвни спортисти- аматери, согласно со закон, ако не се осигурени по друга основа.

**Член 12**

Задолжително се осигуруваат и работниците од член 11 став 1 точки 1 и 3 на овој закон што се упатени на работа во странство и за времето на работа во странство, ако не се задолжително осигурени според прописите на државата во која се упатени или ако со меѓународен договор не е поинаку определено.
Задолжително се осигуруваат и државјаните на Република Македонија кои засновале работен однос кај работодавецот кој врши дејност во странство.

**Член 13**

Задолжително се осигуруваат и странските државјани и лицата без државјанство кои на територијата на Република Македонија се:

1) во работен однос кај работодавец;

2) во служба на странски физички и правни лица, ако со меѓународен договор не е поинаку определено и

3) во служба на меѓународни организации и установи, на странски дипломатски и конзуларни претставништва, ако таквото осигурување е предвидено со меѓународен договор.

**Член 14**

Со задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинети со повреда на работа или професионална болест осигурени се:

1) учениците и студентите во организациите од насоченото образование кога вршат практична работа;

2) лицата на издржување казна затвор, малолетнички затвор и на издржување на воспитна мерка во воспитно-поправен дом за време на редовна работа што ја вршат во текот на издржувањето на казната, односно мерката;

3) членовите на младинските задруги за време на работно ангажирање;

4) здравствените работници со високо образование кои стекнуваат работно искуство за полагање на стручен испит и

5) невработените лица за време на стручно оспособување, преквалификација или доквалификација.

Одредбите од став 1 точка 1 на овој член се однесуваат и на државјаните на Република Македонија кои согласно со важечките прописи се упатени во странство на школување.

Одредбите од став 1 точка 1 на овој член се однесуваат и на странски државјани кои се наоѓаат на школување во Републиката ако државата, чии државјани се тие, исто така постапува со државјаните на Република Македонија доколку со меѓународен договор не е определено поинаку.

**Член 15**

Со задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинети со повреда се осигуруваат и лицата кај кои повредата настанала со учество:

1) во акции за спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќи;

2) на организирани младински и други работни акции;

3) на обука или во вршење на обврска во одбраната;

4) во давање помош на органите за внатрешни работи во вршење на нивната службена должност;

5) на културно- уметнички манифестации и натпревари, организирани од културни и други организации и

6) на натпревари во физичка и техничка култура, организирани од спортски и други организации.

**Член 16**

Со општ акт на Фондот поблиску се уредува начинот на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на лицата од членовите 14 и 15.

## III. СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА

### 1. Старосна пензија

**Член 17**

Осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 63 години живот (маж), односно 60 години живот (жена) и најмалку 20 години пензиски стаж.

Во преодниот период од 1 јануари 1994 година до 31 декември 1998 година (маж), односно до 31 декември 2002 година (жена), старосната граница за стекнување право на старосна пензија постепено се зголемува, и тоа:

| Година | | | маж | жена |
|---|---|---|---|---|
| 01. 01. 1994 | до | 31. 12. 1994 | 60,5 | 55,5 |
| 01. 01. 1995 | до | 31. 12. 1995 | 61,0 | 56,0 |
| 01. 01. 1996 | до | 31. 12. 1996 | 61,5 | 56,5 |
| 01. 01. 1997 | до | 31. 12. 1997 | 62,0 | 57,0 |
| 01. 01. 1998 | до | 31. 12. 1998 | 62,5 | 57,5 |
| 01. 01. 1999 | до | 31. 12. 1999 | 63,0 | 58,0 |
| 01. 01. 2000 | до | 31. 12. 2000 | | 58,5 |
| 01. 01. 2001 | до | 31. 12. 2001 | | 59,0 |
| 01. 01. 2002 | до | 31. 12. 2002 | | 59,5 |
| 01. 01. 2003 | | | | 60,0 |

Осигуреникот кој не наполнил пензиски стаж од 20 години стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 65 години живот (маж), односно 63 години (жена) и најмалку 15 години стаж на осигурување.

Во преодниот период од 1 јануари 1994 година до 31 декември 1998 година старосната граница за жена постепено се зголемува, и тоа:

година жена
01. 01. 1994 до 31. 12. 1994 60,5
01. 01. 1995 до 31. 12. 1995 61,0
01. 01. 1996 до 31. 12. 1996 61,5
01. 01. 1997 до 31, 12. 1997 62,0
01. 01. 1998 до 31. 12. 1998 62,5
01. 01. 1999 63,0
Осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 40 години (маж), односно 35 години пензиски стаж (жена) без оглед на годините на живот.

## Намалување на старосната граница

### Член 18

На осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење старосна граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот, и тоа за по една година.
1) за секои седум години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци;
2) за секои шест години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;
3) за секои пет години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;
4) за секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;
5) за секои три години и шест месеци поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци:
6) за секои три години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

## Пензиска основа

### Член 19

Старосната пензија се утврдува од месечниот просек на платите што осигуреникот ги остварил за време на вкупното траење на осигурувањето, а најрано од 1 јануари 1970 (во натамошниот текст: пензиска основа).
Како година на осигурување од која се зема платата за утврдување на пензиската основа се зема календарската година во која осигуреникот остварил плата, односно надоместок на плата за најмалку шест месеци стаж на осигурување.
По исклучок од став 2 на овој член платата, односно надоместокот на платата остварен во годината во која осигуреникот остварува право на старосна пензија не се зема за утврдување на пензиската основа.

**Член 20**

На осигуреникот, односно лицето кое не остварило плата, односно надоместок на плата по јануари 1970 година пензиската основа се утврдува според основицата утврдена со општ акт на Фондот.

**Член 21**

За утврдување на пензиската основа се земаат платите, паричните надоместоци односно, основиците на осигурување што осигуреникот ги остварил во согласност со општиот акт на работодавецот усогласен со колективниот договор и со закон.

**Член 22**

За утврдување на пензиската основа се зема просечната месечна плата што осигуреникот ја остварил со полно работно време.

Платата што е остварена со работа подолга или пократка од полното работно време се пресметува на просечниот месечен износ што одговара на платата за полно работно време.

На осигуреникот кој во календарската година бил истовремено во работен однос со работно време пократко од полното работно време кај повеќе работодавачи, платата му се смета така што се земаат вкупно остварената плата и часовите поминати на работа во работен однос кај сите работодавачи со полно работно време.

Платата остварена со работа подолга од полното работно време се зема за утврдување на пензиската основа само ако таква работа е вршена во случаите предвидени со прописите за работните односи.

**Член 23**

При утврдувањето на пензиската основа вкупната плата остварена со работа со полно, пократко од полното и подолго од полното работно време во една година се сведува со просечен месечен износ кој одговара на платата за полно работно време.

Износот што одговара на платата за полно работно време во смисла на став 1 на овој член се пресметува така што вкупниот износ на платите што се зема предвид за утврдување на пензиската основа, а кои осигуреникот ги примил за една година, се дели со бројот на часовите што тој ги поминал на работа со полно, пократко од полното и подолго од полното работно време, а така добиениот износ по час се множи со месечниот просек на бројот на часовите на полното работно време кај работодавачот по периодот во кој е остварена платата. Така добиениот износ на платата се зема за утврдување на пензиската основа.

**Член 24**

За времето за кое осигуреникот остварил надоместок на плата според прописите за здравственото осигурување, за утврдување на пензиската основа се зема износот на просечната плата кој се утврдува врз основа на платата остварена во календарската година која и претходи на годината во која настанала привремената спреченост за работа, пресметан со коефициентот за валоризација утврден за таа година.

Доколку осигуреникот нема остварено плата во претходната година, како плата за утврдување на пензиската основа се зема просечната плата што осигуреникот ја остварил во последната година на осигурување пред годината во која настанала привремената спреченост за работа, пресметана со коефициент за валоризација утврден за таа година.

**Член 25**

За утврдување на пензиската основа на невработените лица кои примаат паричен надоместок, на инвалидите на трудот кои чекаат на упатување или се на преквалификација или доквалификација, односно чекаат распоредување на друга соодветна работа или соодветно вработување, се зема основата од која се утврдува паричниот надоместок.
Основата од која се утврдува паричниот надоместок се валоризира со коефициентот со кој се валоризираат платите од кои е определена основата.

**Член 26**

За утврдување на пензиската основа на вработените инвалиди на трудот кои примаат паричен надоместок за работа со скратено работно време или паричен надоместок поради помала плата, покрај остварената плата се зема и паричниот надоместок пресметан со коефициент на валоризација од годината во која е остварен тој надоместок.

**Член 27**

За утврдување на пензиската основа на осигурениците од член 11 став 1 точка 3 на овој закон се зема платата, односно надоместокот за вршење на таа функција кој служел како основа за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 28**

За утврдување на пензиската основа на осигурениците од член 12 на овој закон се зема платата, односно основицата на осигурувањето која служела како основа за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 29**

За утврдување на пензиската основа на осигурениците од член 11 став 1 точки 4, 5 и 6 и член 13 на овој закон се зема основицата на осигурувањето која служела како основа за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 30**

Пензиската основа на работниците во работен однос кај работодавецот се утврдува од платите остварени според договорот за работа.
Пензиската основа на индивидуалните земјоделци се утврдува од основици на осигурување.
На физичките лица кои вршат дејност, на самостојните уметници и на врвни спортисти аматери, пензиската основа им се утврдува од основиците

од кои е пресметуван и уплатуван придонес за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 31**

За утврдување на пензиската основа се зема и надоместокот остварен по основ на иновација, рационализација и други видови творештво во работата, во согласност, со општиот акт на работодавецот усогласен со колективен договор и со закон, ако е платен придонес за пензиското и инвалидското осигурување.
Надоместокот од став 1 на овој член при утврдувањето на пензиската основа се зема како да е остварен во годината во која е исплатен.

**Член 32**

Платите од поранешните години кои се земаат за утврдување на пензиската основа се валоризираат со коефициентите пресметани врз основа на движењето на платите на сите вработени на територијата на Република Македонија.
Валоризацијата на платите од поранешните години според кои се утврдува пензијата, се врши според просекот на платите во последната календарска година која ñ претходи на годината во која осигуреникот го остварува правото на пензија.
Коефициентите за валоризација на платите од поранешните години се утврдуваат секоја година единствено за сите плати врз основа на статистичките податоци за движењето на платите на сите вработени на територијата на Република Македонија.
Коефициентите за валоризација ги објавува Фондот со општ акт.

**Висина на старосна пензија**

**Член 33**

Старосната пензија се утврдува од пензиската основа во проценти определени зависно од должината на пензискиот стаж и изнесува:
пензиски стаж маж % жена %
15 години 35 40
15 години и 6 месеци 35,9 41,3
16 години 36,8 42,6
16 години и 6 месеци 37,7 43,9
17 години 38,6 45.2
17 години и 6 месеци 39,5 46,5
18 години 40,4 47,8
18 години и 6 месеци 41,3 49,1
19 години 42,2 50,4
19 години и 6 месеци 43,1 51,7
20 години 44,0 53,0
20 години и 6 месеци 44,9 53,9
21 година 45,8 54,8
21 година и 6 месеци 46,7 55,7
22 години 47.6 56,6

22 години и 6 месеци 48,5 57,5
23 години 49,4 58,4
23 години и 6 месеци 50,3 59,3
24 години 51,2 60,2
24 години и 6 месеци 52,1 61,1
25 години 53,0 62,0
25 години и 6 месеци 53,9 62,9
26 години 54,8 63,8
26 години и 6 месеци 55,7 64,7
27 години 56,6 65,6
27 години и 6 месеци 57,5 66,5
28 години 58,4 67,4
28 години и 6 месеци 59,3 68,3
29 години 60,2 69,2
29 години и 6 месеци 61,1 70,1
30 години 62,0 71,0
30 години и 6 месеци 62,9 71,9
31 година 63,8 72,8
31 година и 6 месеци 64,7 73,7
32 години 65,6 74,6
32 години и 6 месеци 66,5 75,5
33 години 67,4 76,4
33 години и 6 месеци 68,3 77,3
34 години 69,2 78,2
34 години и 6 месеци 70,1 79,1
35 години 71,0 80,0
35 години и 6 месеци 71,9
36 години 72,8
36 години и 6 месеци 73,7
37 години 74,6
37 години и 6 месеци 75,5
38 години 76,4
38 години и 6 месеци 77,3
39 години 78,2
39 години и 6 месеци 79,1
40 години 80,0

Старосна пензија не може да изнесува повеќе од 80 % од пензиската основица.

**Најнизок износ на старосна пензија**

**Член 34**

Осигуреникот кој ги исполнува условите за стекнување право на старосна пензија има право на најнизок износ на старосна пензија.

Најнискиот износ на старосната пензија го определува Фондот со општ акт, од просечната плата остварена во Републиката во претходната година, и тоа:

- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), најмалку во висина од 60 %.
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), најмалку во висина од 55 % и
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), најмалку во висина од 50 %.

Пензиите од став 2 на овој член, во текот на годината се усогласуваат со процентот со кој се усогласуваат другите пензии.

**Член 35**

Осигуреникот кој ќе оствари дел од пензијата според меѓународен договор стекнува право на најнизок износ на старосна пензија ако износот на пензијата определена според овој закон и странската пензија пресметана според важечкиот девизен курс е помал од износот од кој се определува најнискиот износ на пензија од член 34 на овој закон.

За утврдување на процентот на најнискиот износ на пензијата не се зема стажот на осигурување навршен во странство.

## Највисока старосна пензија

**Член 36**

Највисоката старосна пензија не може да изнесува повеќе од 80 % од просечната плата остварена во Република Македонија во годината пред остварувањето на правото на пензија, зголемена за 4 пати.

## Усогласување на старосната пензија

**Член 37**

Усогласувањето на старосната пензија се врши од 1 јануари и од 1 јули тековната година според движењето на просечните плати на сите вработени на територијата на Републиката, и тоа:
- од 1 јануари според движењето на просечните плати на сите вработени во Републиката остварени за декември претходната година во однос на просечните плати остварени во јуни истата година и
- од 1 јули според движењето на просечните плати на сите вработени во Републиката, остварени за јуни тековната година во однос на просечните плати остварени за декември претходната година.

Усогласувањето на старосната пензија се врши и во роковите пократки од времето предвидено во став 1 на овој член доколку растот, односно падот на платите биде поголем од 5 % за еден или повеќе месеци во однос на месецот за кој е извршено последното усогласување.

Усогласена пензија од став 2 на овој член припаѓа од првиот ден по месецот за кој е утврден порастот на платите.

Заради примена на став 1 на овој член пензијата остварена во тековната година претходно се усогласува според порастот на платите во јануари таа година во однос на целата претходна година.

Усогласувањето на старосната пензија се врши врз основа на објавени податоци од Републичкиот завод за статистика.

## 2. Права врз основа на инвалидност

### Инвалидност

#### Член 38

Инвалидност, во смисла на овој закон, постои кога кај осигуреникот, поради трајни промени во здравствената состојба причинети со повреда при работата, професионална болест, со повреда надвор од работата или со болест, што не можат да се отстранат со лекување или со мерки на медицинска рехабилитација, ќе настане намалување или загубување на работната способност за вршење на работите на работното место на кое бил распореден пред настапувањето на инвалидноста.

### Своја работа

#### Член 39

Како своја работа се сметаат работите на работно место на кое осигуреникот бил распореден непосредно пред настанување на инвалидноста.

За лице кое во време на настанување на инвалидноста не било во работен однос, како своја работа се сметаат работите на работното место на кое бил распореден непосредно пред престанокот на последното осигурување.

Како своја работа на осигуреникот земјоделец се смета работата врз основа на која бил задолжително осигурен по овој закон.

### Друга соодветна работа

#### Член 40

Како друга соодветна работа се смета работата која според стручната подготовка и преостанатата работна способност осигуреникот е способен да ја врши со скратено или полно работно време на друго работно место со работен напор кој не ја влошува неговата здравствена состојба, односно состојбата на инвалидноста.

### Намалена работна способност

#### Член 41

Намалена работна способност постои кога осигуреникот со нормален работен напор што не ја загрозува неговата здравствена состојба, повеќе не може со полно работно време да работи на работното место според кое во смисла на член 38 на овој закон, се оценува инвалидноста.

## Преостаната работна способност

### Член 42

Преостаната работна способност постои кога осигуреникот кај кого е утврдено намалување на работната способност може да работи најмалку со половина од полното работно време на работното место на кое работел пред настанувањето на инвалидноста или може да работи полно работно време на друго работно место, со или без преквалификација или доквалификација.

## Загубена работна способност

### Член 43

Загубена работна способност постои ако осигуреникот е потполно и трајно неспособен за вршење на својата работа и друга соодветна работа и кој не може со преквалификација или доквалификација да се оспособи за друга соодветна работа со полно работно време.

Загубена работна способност кај осигуреникот земјоделец постои кога е потполно и трајно неспособен за вршење на својата работа.

## Повреда при работа

### Член 44

Како повреда при работа, во смисла на овој закон, се смета повредата на осигуреникот причинета со непосредно и краткотрајно механичко, физичко или хемиско дејство, како и повредата причинета со нагли промени на положбата на телото, ненадејно оптоварување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, ако таквата повреда причински е врзана со вршењето на работите на работното место.

Како повреда при работа се смета и повредата причинета на начинот од став 1 на овој член што осигуреникот ќе ја претрпи на редовниот пат од станот до местото на работата или обратно, на патот преземен заради извршување на работни задачи и на патот преземен заради стапување на работа, доаѓање на работа од одмор или отсуство прекинато по налог на работодавецот, како и користење право на преквалификација, доквалификација или вработување според овој закон.

Како повреда при работа се смета и заболувањето на осигуреникот што настанало непосредно и како исклучителна последица на некој несреќен случај или од виша сила за време на вршењето на работата или во врска со неа.

Како повреда при работа се смета и повредата што ќе ја претрпи осигуреникот во вршењето на работите од членовите 14 и 15 на овој закон.

## Професионална болест

### Член 45

Професионални болести, во смисла на овој закон, се определени болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работната способност на осигуреникот.
Листата на професионалните болести ја утврдува министерот за труд и социјална политика.

### Член 46

Инвалид на трудот, во смисла на овој закон, е осигуреникот кој врз основа на инвалидност ги остварува правата од пензиското и инвалидското осигурување.

## а) Права врз основа на преостаната работна способност

### Член 47

Осигуреникот кај кого постои преостаната работна способност има право на:
1) работа со скратено работно време;
2) распоредување, односно вработување на друга соодветна работа и
3) преквалификација или доквалификација.
Индивидуалниот земјоделец не ги остварува правата од став 1 на овој член.
По исклучок од став 1 на овој член физичкото лице кое врши дејност има право само на преквалификација или доквалификација и право на соодветно вработување.

## Скратено работно време

### Член 48

Осигуреникот со преостаната работна способност за кого е утврдено дека не е способен за работа со полно работно време на својата работа или на друга соодветна работа, со или без преквалификација или доквалификација, има право да работи на својата работа или на друга соодветна работа со работно време кое одговара на неговата преостаната работна способност, но не помалку од половината од полното работно време.

## Распоредување на друго соодветно работно место

### Член 49

Осигуреникот со преостаната работна способност кај кого е утврдено дека не е способен да ја врши својата работа со полно ниту со помалку од полното работно време, а е способен да врши друга соодветна работа со полно работно време има право на распоредување на друго соодветно работно место.

Распоредувањето од став 1 на овој член, во согласност со осигуреникот, може да се врши и на работно место за кое се бара стручна подготовка пониска од онаа што ја има осигуреникот.

## Преквалификација или доквалификација

### Член 50

Осигуреникот со преостаната работна способност, за кого е утврдено дека не е способен за работа со полно работно време на својата работа или на друга соодветна работа има право на преквалификација или доквалификација, ако без тоа не може да се распореди на други работни места со полно работно време и ако според состојбата на инвалидноста може да се оспособи за друга соодветна работа.

Правото на преквалификација или доквалификација осигуреникот го остварува до навршени 50 години живот (маж), односно 45 години живот (жена).

По завршената преквалификација или доквалификација осигуреникот има право на распоредување, односно вработување на работно место за кое е оспособен.

Осигуреникот - жена може по свое барање правото на преквалификација или доквалификација да го оствари до годините на живот утврдени за осигуреникот - маж.

### Член 51

Инвалид на трудот кој стекнал право на преквалификација или доквалификација се оспособува за вршење на друга соодветна работа за која е потребна стручна подготовка која одговара на работите што ги вршел на својата работа пред настанувањето на инвалидноста.

По исклучок од став 1 на овој член преквалификација или доквалификација може да се обезбеди за друга работа за која е потребна стручна подготовка повисока од онаа која одговара на работите кои инвалидот на трудот ги вршел пред настанувањето на инвалидноста, ако таквото оспособување е оправдано со оглед на стручноста, годините на животот, работното искуство и околностите и ако постои реална можност за вработување по завршеното оспособување.

### Член 52

Преквалификацијата или доквалификацијата на инвалидите на трудот се врши со практична работа под општи услови на начин под кој се оспособуваат и другите работници кај работодавецот.

Преквалификација или доквалификација може да се врши и во соодветни организации од насоченото образование.

### Член 53

Преквалификација или доквалификација, односно вработување на инвалидите на трудот кои не можат да се преквалификуваат или доквалификуваат, односно да се вработат под општите услови, се врши под посебни услови, во согласност со закон.

Заради создавање услови за вршење преквалификација или доквалификација, односно вработување на инвалидите на трудот Фондот учествува со средства.
Фондот спогодбено со други заинтересирани фондови или други облици на организирање учествува со средства за вработување на деца со пречки во психофизичкиот развој - деца на осигуреници.

## Парични надоместоци

### Член 54

Осигуреникот кај кого постои преостаната работна способност има право на надоместок:
1) на платата од денот на настанувањето на инвалидноста до денот на распоредувањето или вработувањето на друга соодветна работа, односно до упатување на преквалификација или доквалификација:
2) на платата за време на преквалификацијата или доквалификацијата;
3) на платата од денот на завршената преквалификација или доквалификација до денот на распоредувањето, односно вработувањето на друго соодветно работно место;
4) на платата поради работа со скратено работно време и
5) поради помала плата на друго работно место.

### Член 55

Паричните надоместоци од член 54 точки 1, 2 и 3 на овој закон се определуваат од платата, односно надоместокот на платата остварена во годината која и претходи на годината во која настанала инвалидноста.
Доколку осигуреникот нема остварено плата во смисла на став 1 на овој член, паричните надоместоци се определуваат од платите остварени во последната година на осигурување пред годината во која настанала инвалидноста сведени со порастот на платите во Републиката на пиво на годината што и претходи на годината во која настанала инвалидноста, односно на ниво на годината што и претходи на годината во која се остварува правото.
Доколку осигуреникот нема остварено плата, односно надоместок на платата во смисла на ставови 1 и 2 на овој член, како основа за определување на паричните надоместоци се зема основата определена со општ акт на фондот.
Паричниот надоместок од став 1 на овој член се определува од основата на висина од:
- 70 % од денот на настанувањето на инвалидноста до денот на распоредувањето или вработувањето на друго работно место, односно од упатувањето на преквалификација или доквалификација до денот на распоредувањето, односно вработувањето на друго работно место, ако инвалидноста настанала како последица на болест или повреда надвор од работата и
- 100% за време на преквалификација или доквалификација во случаите кога инвалидноста настанала како последица на повреда на работа или професионална болест.

**Член 56**

Паричните надоместоци од член 54 точки 1, 2 и 3 на овој закон не можат да бидат пониски од 60 % од просечната плата остварена во Републиката во претходното тримесечје.

**Член 57**

Паричните надоместоци од член 54 на овој закон кога се остваруваат кај работодавецот во текот на годината се усогласуваат со порастот на платите кај работодавецот, а кога се остваруваат во фондот со процентот на усогласувањето на пензиите.

**Член 58**

Паричниот надоместок од член 54 точка 4 на овој закон, кога инвалидноста е причинета со професионална болест или повреда при работа, се определува во висина на разликата меѓу платата што инвалидот на трудот ја остварува работејќи со скратено работно време и платата што би ја остварил работејќи на истото работно место со полно работно време, а ако инвалидноста е причинета со болест или повреда надвор од работата, паричниот надоместок се определува во висина од 85 % од утврдената разлика.

Паричниот надоместок од став 1 на овој член заедно со платата за скратено работно време може да изнесува најмногу до највисоката плата на исти или на слични работни места кај работодавецот за работа со полно работно време.

**Член 59**

Паричниот надоместок од член 54 точка 5 на овој закон се исплатува во висина на разликата меѓу валоризираната просечна плата што осигуреникот ја остварил во годината на осигурувањето која и претходи на годината во која настанала инвалидноста и просечната плата што тој ја остварува на другото работно место на кое е распореден, односно вработен.

Ако последната година на осигурување од став 1 на овој член не е годината која непосредно и претходи на годината во која настанала инвалидноста, туку некоја поранешна година просечните плати од таа година се доведуваат со валоризација на нивото на просечните плати во годината која непосредно и претходи на годината во која настанала инвалидноста.

Валоризација на платата остварена во годината пред настанување на инвалидноста се врши според порастот на платите кај работодавецот кај кого инвалидот е вработен.

Паричниот надоместок, односно аконтацијата на паричниот надоместок од став 1 на овој член задолжително се усогласува во текот на годината, со движењето на платите кај работодавецот.

Паричниот надоместок поради помала плата на друго работно место заедно со платата може да изнесува најмногу до највисоката плата на истото или на слични работни места кај работодавецот.

## Остварување на правата врз основа на преостанатата работна способност

### Член 60

Правата врз основа на преостанатата работна способност се остваруваат без оглед на навршениот пензиски стаж.

### Член 61

Правата од член 54 точки 4 и 5, како и паричните надоместоци од член 54 точки 1, 2 и 3 на овој закон осигуреникот ги остварува кај работодавецот каде што работел во време на настанувањето на инвалидноста - под услови, во висина и на начин што се утврдени со општ акт на работодавецот, односно со колективен договор во согласност со овој закон.

Правото на паричен надоместок од член 54 точки 4 и 5 на овој закон осигуреникот ги остварува во Фондот.

По исклучок од став 1 на овој член кога на осигуреникот работниот однос му престанал поради отворање постапка за престанок на правното лице под услови и на начин утврден со закон паричните надоместоци од член 54 и паричниот надоместок од член 47 став 3 на овој закон осигуреникот ги остварува во Фондот, најмногу за време од три години од престанокот на правното лице, како време на чекање на соодветно вработување.

Осигуреникот од став 3 на овој член е должен во рок од 30 дена од престанокот на правното лице да се пријави во службата надлежна за посредување при вработување.

Осигуреникот нема право да користи паричен надоместок по основа на невработеност, за времето за кое прима паричен надоместок од став 3 на овој член.

### Член 62

Ако осигуреникот се вработи или ако ги исполни условите за остварување право на старосна пензија пред истекот на рокот од член 61 став 3 на овој закон правото на паричен надоместок му престанува.

## б) Инвалидска пензија

### Член 63

Осигуреникот кај кого ќе настане губење на работната способност, како и осигуреникот со преостанатата работна способност кој поради навршување на одредени години на живот не може со преквалификација или доквалификација да се оспособи за вршење на друга соодветна работа стекнува право на инвалидска пензија ако:

1) инвалидноста е причинета со повреда на работа или професионална болест - без оглед на должината на пензискиот стаж и

2) инвалидноста е причинета со повреда надвор од работа или со болест под услов пред настанувањето на инвалидноста да имал наполнет пензиски стаж кој му покрива најмалку една третина на периодот од

наполнети најмногу 20 години живот до денот на настанување на инвалидноста (работен век), сметајќи го работниот век на полни години.
Осигуреник кај кого инвалидноста настанала пред навршување на 30 години живот како последица на повреда надвор од работа или болест се здобива со право на инвалидска пензија ако на денот на настанувањето на инвалидноста имал својство на осигуреник и ако:
1) инвалидноста настанала до навршување 20 години живот, ако имал најмалку шест месеци стаж на осигурување;
2) инвалидноста настанала до навршување 25 години живот, ако имал најмалку шест месеци стаж на осигурување и
3) инвалидноста настанала до навршување 30 години живот, ако имал најмалку 12 месеци стаж на осигурување.
Осигуреникот - воен инвалид од И до ВИ група, како и друг инвалид кој е изедначен со мирновременски воен инвалид од И до ВИ група кај кого во смисла на член 38 на овој закон се оценува инвалидност не може да работи повеќе од половина од полното работно време се здобива со правото на инвалидска пензија ако ги исполнува условите од став 1 на овој член без оглед на тоа дали со или без преквалификација или доквалификација може да се оспособи за друга соодветна работа.
Како работен век во смисла на став 1 точка 2 од овој член за осигуреникот кој со редовно школување се здобил со виша, односно висока стручна подготовка се смета времето од навршување на 23, односно 26 години живот до денот на настанувањето на инвалидноста.
На осигуреникот кој по навршување на 20 години живот бил на отслужување на воениот рок работниот век му се намалува за времето колку што траел отслужениот воен рок.

**Член 64**

Инвалидската пензија се определува од пензиската основа што се утврдува на начин предвиден во членовите од 19 до 32 на овој закон.
За осигурениците од членовите 14 и 15 на овој закон пензиската основа ја утврдува Фондот со општ акт.

**Член 65**

Инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со повреда на работата или со професионална болест се определува од пензиската основа во истата висина во која се определува старосната пензија за пензиски стаж од 40 години (маж), односно 35 години (жена).
Инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со болест или со повреда надвор од работа се определува од пензиската основа во зависност од должината на пензискиот стаж и наполнетите години живот, така што со исти години живот, да биде поголема пензијата определена со подолг пензиски стаж.
Висината на инвалидската пензија од став 2 на овој член не може да биде помала од 44 % од пензиската основа за маж, односно 53 % од пензиската основа за жена кај кои инвалидноста настанала пред наполнетите години живот од член 17 став 2 на овој закон. Ако инвалидноста настанала по години на живот од член 17 став 2 на овој закон висината на инвалидската

пензија не може да биде помала од 35% (маж), односно 40% (жена) од пензиската основа.
На осигуреникот - воен инвалид од И до ВИ група, како и на друг инвалид кој е изедначен со мирновременски воен инвалид од И до ВИ група, кој ќе стекне право на инвалидска пензија, таа пензија му со обезбедува во висина од 80 % од пензиската основа, ако половината од работниот век му е покриен со пензиски стаж.
Осигуреникот (жена) може на свое барање да оствари право на инвалидска пензија на начин, под услови и во висина како осигуреник (маж).
Висината на инвалидската пензија не може да биде помала од висината на старосна пензија за еднаков пензиски стаж.

**Член 66**

На корисникот на инвалидска пензија кај кого настанало губење на работната способност пред наполнувањето на годините на живот од член 17 став 2 на овој закон и на кого пензијата определена според член 65 став 3 на овој закон изнесува помалку од 80 % од пензиската основа му припаѓа и додаток на инвалидност.
Додатокот на инвалидност се определува зависно од сразмерноста меѓу работниот век и пензискиот стаж, и тоа ако:
1) пензискиот стаж изнесува помалку од половина од работниот век - 10 % од износот на инвалидска пензија;
2) пензискиот стаж изнесува половина или повеќе од половина, а помалку од 3/4 од работниот век - 15 % од износот на инвалидската пензија и
3) пензискиот стаж изнесува 3/4 или повеќе од работниот век - 20 % од износот на инвалидската пензија.
Инвалидската пензија заедно со додатокот на инвалидност не може да изнесува повеќе од 80 % од пензиската основа.
Додатокот на инвалидност е составен дел на инвалидската пензија.

**Член 67**

Ако инвалидноста врз основа на која инвалидот на трудот стекнува право на инвалидска пензија е предизвикана делумно со повреда на работа или со професионална болест, а делумно со болест или повреда надвор од работа, инвалидската пензија се определува како една пензија што се состои од сразмерен дел на инвалидската пензија пресметана како за случај на повреда на работа или професионална болест и од сразмерен дел на инвалидската пензија пресметана како за случај на болест или повреда надвор од работа.
Фондот со општ акт поблиску го уредува начинот на определување на инвалидската пензија во случаите од став 1 на овој член.

**Член 68**

Осигуреникот кој ги исполнува условите за стекнување право на инвалидска пензија има право на најнизок износ на инвалидска пензија.
Најнискиот износ на инвалидската пензија изнесува:

- за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест, како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно над 25 години (жена), во висина како и за корисниците на најнизок износ на старосна пензија од член 34 став 2 алинеја 1 на овој закон;
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина како и за корисниците на најнизок износ на старосна пензија од член 34 став 2 алинеја 2 на овој закон и
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина како и за корисниците на најнизок износ на старосна пензија од член 34 став 2 алинеја 3 на овој закон.

**Член 69**

Одредбите на овој закон за највисокиот износ на старосна пензија и за усогласување на старосната пензија се применуваат и на инвалидската пензија.

## 3. Семејна пензија

**Член 70**

Семејна пензија можат да остварат членовите на семејството:
1) брачниот другар;
2) децата (родени во брак или надвор од брак или посвоени; посиноците кои ги издржувал осигуреникот, внучињата и други деца без родители кои ги издржувал осигуреникот) и
3) родителите (таткото и мајката, очувот и маќеата) и посвоителот, што ги издржувал осигуреникот.

Семејна пензија може да оствари и брачниот другар од разведен брак, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување.

**Член 71**

Членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија ако умрениот осигуреник:
1) наполнил најмалку пет години стаж на осигурување или најмалку десет години пензиски стаж или
2) ги исполнил условите за старосна или инвалидска пензија, или
3) бил корисник на старосна или инвалидска пензија.

Ако смртта на осигуреникот настанала како последица од повреда на работа или од професионална болест, членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија, без оглед на должината на пензискиот стаж на осигуреникот.

**Член 72**

Вдовица стекнува право на семејна пензија ако:
1) до смртта на брачниот другар наполнила 45 години живот;

2) до смртта на брачниот другар била неспособна за работа или таква неспособност настанала во рок од една година од денот на смртта на брачниот другар;
3) по смртта на брачниот другар останале едно или повеќе деца кои имаат право на семејна пензија по тој брачен другар, а вдовицата ги врши родителските должности спрема тие деца или
4) до смртта на брачниот другар имала наполнети 40 години, кога ќе наполни 45 години живот - или ако во тие години станала неспособна за работа.
Вдовицата која во текот на користењето на правото по основа на вршење на родителска должност (став 1 точка 3) стане неспособна за работа или наполни 45 години живот трајно го задржува правото на семејна пензија.
Вдовицата која го загубила правото на семејна пензија по основа на вршење на родителска должност по наполнети 40 години живот, стекнува право на семејна пензија кога ќе наполни 45 години живот.

**Член 73**

Вдовец стекнува право на семејна пензија ако;
1) до смртта на брачната другарка наполнил 55 години живот;
2) до смртта на брачната другарка бил неспособен за работа или таква неспособност настанала во рок од една година од денот на смртта на брачната другарка или
3) по смртта на брачната другарка останало едно или повеќе деца кои имаат право на семејна пензија по таа брачна другарка, а вдовецот ги врши родителските должности спрема тие деца и
4) вдовецот кој го здобил правото на семејна пензија по основа на вршење на родителска должност по наполнети 50 години живот, се здобива со право на семејна пензија, кога ќе наполни 55 години живот.

**Член 74**

Вдовицата, односно вдовецот кои се здобиле со право на семејна пензија по основа на вршење на родителска должност, тоа право го имаат и за време кога детето се наоѓа на отслужување на воениот рок.

**Член 75**

Дете стекнува односно користи право на семејна пензија:
1) до наполнети 15 години живот, а ако е на школување до наполнети 26 години живот или
2) ако пред смртта на осигуреникот, односно корисникот на пензија кој го издржувал било неспособно за работа или таквата неспособност настанала во рок од една година од денот на смртта на осигуреникот, односно корисникот на пензија.
Ако школувањето на детето е прекинато поради болест, правото на семејна пензија може да се стекне, односно му припаѓа и за време на боледувањето до наполнети 26 години живот, како и над тие години, но најмногу за толку време колку што е изгубено од редовното школување поради болест.

На детето кое го прекинало школувањето заради отслужување на воениот рок семејната пензија му се исплатува и за тоа време.
Ако во текот на користењето на правото на семејната пензија детето стане неспособно за работа трајно го задржува правото на семејна пензија.
Детето - инвалид има право на семејна пензија по престанок на работниот однос.

**Член 76**

Родителот кого осигуреникот, односно корисникот на пензија го издржувал до својата смрт, се стекнува со право на семејна пензија ако:
1) до смртта на осигуреникот, односно на корисникот на пензијата наполнил 45 (мајка) односно 55 години живот (татко) и
2) е помлад од 45 години, односно 55 години и ако до смртта на осигуреникот, односно корисникот на пензија бил неспособен за работа.

**Член 77**

Како неспособност за работа врз основа на која се остварува право на семејна пензија кај децата се смета неспособност за самостоен живот и работа, а кај другите лица постоење на загубена работна способност.

**Член 78**

Право на семејна пензија им припаѓа првенствено на брачниот другар и на децата на осигуреникот, односно корисникот на пензија (во натамошниот текст: членови на потесното семејство).
Родителите, посвоителите, внучињата и другите деца без родители кои ги издржувал осигуреникот, односно корисникот на пензија (во натамошниот текст: членови на поширокото семејство), имаат право на семејна пензија ако осигуреникот, односно корисникот на пензијата немал членови на потесното семејство кои имаат право на семејна пензија или ако пензијата што им припаѓа на членовите на потесното семејство не го исцрпува полниот износ на основата од која се определува семејната пензија.

**Член 79**

Семејната пензија се определува од старосната или инвалидската пензија што на осигуреникот би му припаѓала во часот на смртта, односно од пензијата што на корисникот на пензијата му припаѓала во часот на смртта.
Висината на семејната пензија се определува во процент од основата што ја сочинуваат старосната или инвалидската пензија, и тоа 70 % за еден член на семејството, а за секој нареден член уште по 10 %, но не повеќе од 100 % од основата.
На децата без двајца родители, семејната пензија остварена по едниот родител им се зголемува за дел од пензијата што ја користел или што би ја користел другиот родител, и тоа:
1) за две деца ........................................................ 20 %
2) за три деца ........................................................ 30 %
3) за четири или повеќе деца ..................................... 40 %

Кога семејната пензија ја користат три или повеќе членови на семејството, висината на семејната пензија не може да изнесува помалку од 40 % од пензиската основа на умрениот осигуреник.
Како основа за определување семејна пензија од осигуреник кој има пензиски стаж помалку од 15 години, а не ги исполнува условите за инвалидска пензија, се зема старосната пензија пресметана за пензиски стаж од 15 години.

**Член 80**

Ако пензијата припаѓа на членовите на потесното и на членовите на поширокото семејство, на членовите на потесното семејство им се определува семејна пензија според процентите предвидени во член 79 став 1 на овој закон, а на членовите на поширокото семејство им припаѓа остатокот до полниот износ на основата на семејната пензија.
Кога право на семејна пензија има и разведениот брачен другар, се одредува една семејна пензија за брачниот другар од новиот брак и за разведениот брачен другар во висина што припаѓа за еден член на семејството.

**Член 81**

Членовите на семејството на осигуреникот или корисникот на пензијата имаат право на најнизок износ на семејна пензија.
Најнискиот износ на семејна пензија се определува во висина на најнискиот износ на старосна, односно највисокиот износ на инвалидска пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.
Одредбите на овој закон за највисокиот износ на старосна пензија и за усогласувањето на старосната пензија се однесуваат и на семејната пензија.

## Паричен надоместок за телесно оштетување

**Член 82**

Телесно оштетување постои кога кај осигуреникот ќе настане загубување, посуштествено оштетување или позначителна онеспособеност на одделни органи или делови од телото што ја отежнува нормалната активност на организмот и бара поголеми усилби во остварувањето на животните потреби, без оглед на тоа дали причинува или не причинува инвалидност.
Осигуреникот кај кого телесно оштетување ќе настане за време на траењето на осигурување се здобива со право на паричен надоместок за телесно оштетување под истите услови во поглед на пензискиот стаж под кои се здобива со правото на инвалидска пензија.
Видовите на телесните оштетувања врз основа на кои се здобива со правото на паричен надоместок и процентите на тие оштетувања ги утврдува Фондот со општ акт, по претходно прибавеното мислење од стручните и научните организации.

**Член 83**

Право на паричен надоместок за телесно оштетување осигуреникот стекнува независно од тоа дали се стекнал и користи и некое друго право од пензиското и инвалидското осигурување.

Осигуреникот не стекнал право на паричен надоместок за телесно оштетување од 30 до 40 % според листата на телесните оштетувања, кое настанало како последица на болест или повреда надвор од работа, за телесно оштетување кое постоело пред стапувањето во работен однос, како и за подоцнежното влошување на тоа телесно оштетување. По исклучок кога пред стапувањето во работен однос постоело телесно оштетување на еден од парните органи, а подоцна настапи оштетување на другиот истоветен орган, осигуреникот стекнува право на паричен надоместок за телесно оштетување на двата органи.

**Член 84**

Висината на паричниот надоместок за телесно оштетување се определува според утврдениот процент на телесното оштетување од следниве основици:

- 12 % од просечната плата остварена во Републиката во претходната година кога телесното оштетување е предизвикано со повреда на работа или со професионална болест и
- 9% од просечната плата остварена во Републиката во претходната година кога телесното оштетување е предизвикано со болест или повреда надвор од работата.

**Член 85**

Ако постојат две или повеќе телесни оштетувања вкупниот процент се определува на тој начин што на поголемиот процент се додава, и тоа:

1) по 20 % за секое понатамошно телесно оштетување од 50 % или повеќе и

2) по 10% за секое понатамошно телесно оштетување од 40 и 30 %.

Ако телесните оштетувања постоеле поради различни причини процентот ќе се определи според став 1 на овој член, а паричниот надоместок ќе се определи од основата на поголемиот процент на телесното оштетување.

Вкупниот процент на телесното оштетување по точките 1 и 2 од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе од 100 %.

**Член 86**

На корисникот на паричен надоместок за телесно оштетување во случај на влошување на постојаното телесно оштетување или нов случај на телесно оштетување, му се определува паричен надоместок според новиот, односно вкупниот процент на телесно оштетување.

**Член 87**

Ако осигуреникот за ист случај на телесно оштетување стекне право на паричен надоместок за телесно оштетување по прописите на пензиското и инвалидското осигурување и право на инвалиднина како мирновремен

воен инвалид по прописите за воените инвалиди, може да користи само едно од тие права, по сопствен избор.

**Член 88**

Одредбите на овој закон за усогласување на старосната пензија се применуваат и на паричниот надоместок за телесно оштетување.

## 5. Паричен надоместок за помош и нега

**Член 89**

Корисникот на старосна, инвалидска или семејна пензија на кого поради здравствена состојба му е потребна постојана помош и нега од друго лице затоа што самиот не може да ги врши своите основни животни потреби има право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.
Право на паричен надоместок за помош и нега од став 1 на овој член има и осигуреникот кој засновал работен однос како слеп, заболен од дистрофија или сродни мускуларни или невромускуларни заболувања, церебрална или детска парализа, параплегија, како и други заболувања или повреди поради кои не може самостојно да се движи додека е во работен однос или таквата неспособност настанала во текот на траењето на работниот однос.

**Член 90**

Како осигуреник, односно корисник на пензија кој во смисла на член 89 став 1 на овој закон не може да ги врши основните животни потреби се смета неподвижното лице, потполно слепото лице, како и лице кое поради трајни заболувања и болни состојби не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби.

**Член 91**

Осигуреникот од член 89 став 2 на овој закон го задржува правото на паричен надоместок за помош и нега и по престанокот на работниот однос или друго својство врз основа на кое е осигурен, ако стекне право на инвалидска или старосна пензија.

**Член 92**

Ако осигуреникот, односно лицата од член 89 на овој закон оствариле право на паричен надоместок за помош и нега и по други прописи, можат да користат само едно од тие права, по сопствен избор.

**Член 93**

Висината на паричниот надоместок за помош и нега се определува во проценти од просечната плата остварена во Републиката во претходната година, и тоа:
1) 30 % за осигуреници во работен однос и за корисници на најнизок износ на старосна или инвалидска пензија и

2) 23 % за корисници на старосна или инвалидска пензија над најнискиот износ на пензија.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега за корисниците на семејна пензија изнесува 70 % од износот на соодветната група од став 1 на овој член.

Во текот на годината паричниот надоместок за помош и нега се усогласуваат со процентот со кој се усогласуваат пензиите.

## IV. СТЕКНУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ ПОД ПОСЕБНИ УСЛОВИ

### а) Осигуреници од одбраната

#### Член 94

На осигурениците во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија (војници по договор, помлади офицери и офицери и граѓански лица на служба на армијата) стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, и тоа:

1) секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 18 месеци стаж на осигурување во:

а) летачка служба - на должност активен пилот, извидувач, радист, авиомеханичар, аерофотограф или на други должности на кои вршеле летачка служба или како припадник на органот на санитетска служба на испитување и тренирање на летачите или за испитување на заштитната опрема во барокоморите, односно во авионите, ако при такво испитување и тренирање летале најмалку 90 часа годишно;

б) падобранска служба - на должности активен падобранец и

в) должност на нуркач;

2) секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување во:

а) вршење работи на член на специјален експериментален екипаж за испитување на вооружување во фаза на освојување на производство и завршни експерименти и испитување, ако на експериментите и испитувањата помине просечно најмалку половина од вкупното годишно работно време;

б) вршење работи на радиолошка, биолошка и хемиска заштита во лабораториски и полигонски услуги, што ќе ги утврди министерот за одбрана и

в) вршење на работи на електронско извидување и работи на криптозаштита, безбедност и разурнувачки и контраразузнавачки работи и воена полиција;

3) секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување во:

а) вршење работи на радарски уреди на кои се изложени на радарски зрачења и тоа: лице кое врши поправка, посложени дотерувања и испитувања или работи како инструктор - наставник на поправка на

радарски уреди, ако на тие работи помине просечно најмалку 3/4 од вкупното годишно работно време и
б) вршење должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови, а кои ги утврдува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за одбрана.
4) секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување во вршење на работи на овластени службени лица кои вршат работи на безбедноста, разузнавачки и контраразузнавачки работи во одбраната и Армијата и воена полиција кои не спаѓаат во должностите од точка 2 под в) на овој член.

**Член 95**

На осигуреник во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години (маж), односно 50 години живот (жена), ако работниот однос му престане по потреба на службата, може да оствари право на старосна пензија.

**Член 96**

На осигурениците во Министерството за одбрана и на служба во постојниот состав на Армијата на Република Македонија им се определува старосна пензија која за 25 години пензиски стаж изнесува 62,0 % од пензиската основа за маж, односно 65, 6 % од пензиската основа за жена и се зголемува за 1,2 % од пензиската основа за секоја натамошна наврешена година до 40 години пензиски стаж (маж), односно за по 1,44 % од пензиската основа за секоја натамошна наврешена година до 35 години пензиски стаж (жена), така што старосната пензија не може да изнесува повеќе од 80 % од пензиската основа.

**Член 97**

На осигуреник во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија кому стажот на осигурување му се смета со зголемено траење старосната граница за остварување на право на старосна пензија му се намалува, зависно од степенот на зголемувањето на стажот, и тоа за по една година;
1) за секои шест години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;
2) за секои пет години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;
3) на секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци и
4) за секои три години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

**Член 98**

На осигурениците во Министерството за одбрана и во служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија за определување на инвалидска пензија според должината на пензискиот стаж се применуваат процентите од член 96 на овој закон, со тоа што како најнизок процент до наврешени 25 години пензиски стаж се определува 62 % од пензиската основа за маж, односно 65,6 % од пензиската основа за жена.

**Член 99**

Разликата меѓу пензијата утврдена без примена на членовите од 94 до 98 на овој закон и пензијата утврдена со примена на тие членови, како и целиот износ на пензијата определена на осигуреник кој не ги исполнува општите услови за остварување на правото на пензија без примена на тие членови, се обезбедува од Буџетот на Република Македонија. Средствата за делот на пензијата за стажот наврешен во поранешната Југословенска народна армија до 1 април 1993 ги обезбедува Буџетот на Република Македонија.

## б) Осигуреници од внатрешни работи и од казнено- поправни установи и воспитно- поправни домови

**Член 100**

На овластените службени лица, во смисла на прописите за вршење на внатрешните работи, стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и тоа секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

Правото на стаж на осигурување со зголемено траење во смисла на став 1 на овој член имаат и работниците на Министерството за внатрешни работи кои работат на работни места чија што тежина и посебни услови под кои тие се вршат влијаат врз намалувањето на работната способност.

Работните места од став 2 на овој член ги утврдува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за внатрешни работи.

Одредбите од ставовите 1 и 3 на овој член не се однесуваат на времето додека работникот се наоѓа на стручно образование или усовршување на кое е упатен од Министерството за внатрешни работи, на располагање или е нераспореден поради укинување на работните места или потрајно намалување на обемот на работните задачи.

**Член 101**

Работник на Министерството за внатрешни работи кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години (маж), односно 50 години живот (жена), може да оствари право на старосна пензија, ако работниот однос му престане по потреба на службата.

**Член 102**

На овластените работници, во смисла на прописите за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи, стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и тоа секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности во казнено- поправните установи и воспитно-поправните домови им се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

Право на стаж на осигурување со зголемено траење во смисла на став 1 на оној член имаат и работниците во Министерството за правосудство и управа, казнено- поправните установи и воспитно- поправните домови кои работат на работни места чија тежина и посебни услови под кои тие се вршат влијаат врз намалувањето на работната способност.

Работните места од став 2 на овој член ги утврдува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за правосудство и управа.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член не се однесуваат на времето додека работникот се наоѓа на стручно образование или усовршување на кое е упатен од казнено- поправната установа, односно воспитно-образовниот дом.

**Член 103**

Работник во Министерството за правосудство и управа, казнено- поправна установа и воспитно-поправен дом, кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во смисла на член 102 ставови 1 и 2 на овој закон и 55 години (маж), односно 50 години живот (жена), може да оствари право на старосна пензија, ако работниот однос му престане по потреба на службата.

**Член 104**

Пензија под посебни услови може да оствари работник на Министерството за внатрешни работи како и работник во Министерството за правосудство и управа, казнено- поправна установа и воспитно-поправен дом, кој иако во моментот на остварувањето на правото не е на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и 55 години (маж) и 50 години живот (жена), ако работниот однос му престане по потреба на службата.

**Член 105**

На работниците од членовите 100, 102 и 104 на овој закон им се определува старосна пензија која за 25 години пензиски стаж изнесува 62,0 % од пензиската основа за маж, односно 65,6 % од пензиската основа за жена и се зголемува за по 1,2 % од пензиската основа за секоја натамошна навршена година до 40 години пензиски стаж (маж), односно за по 1,44 % од пензиската основа за секоја натамошна навршена година до 35 години пензиски стаж (жена), така што старосната пензија не може да изнесува повеќе од 80 % од пензиската основа.

**Член 106**

На работниците од членовите 100, 102, и 104 на овој закон за определување на инвалидска пензија според должината на пензискиот стаж се применуваат процентите од член 105 на овој закон со тоа што како најнизок процент до навршени 25 години пензиски стаж се определува 62,0 % од пензиската основа за маж, односно 65,6 % од пензиската основа за жена.

**Член 107**

На работниците од членовите 100, 102 и 104 на овој закон кои ќе остварат право на старосна пензија според општите услови старосна граница за остварување право на старосна пензија им се намалува за по една година за секои навршени четири години ефективно поминати на работи места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

Намалувањето на старосната граница се однесува и на осигурениците на кои својството на работник од членовите 100 и 104 на овој закон им престанало без да остварат право на старосна пензија според посебните услови на овој закон.

**Член 108**

Работните места од членовите 100, 101 и 104 на овој закон на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, како и обемот на соодветното намалување на старосната граница подлежат на ревизија, на начинот и по постапката според кои се врши утврдување на тие работни места. Ревизија се врши најдоцна во рок од пет години од денот на утврдувањето на тие работни места.

**Член 109**

Разликата меѓу пензијата утврдена без примена на членовите од 100 до 107 на овој закон и пензијата утврдена со примена на тие членови, како и целиот износ на пензијата определена на осигуреник кој не ги исполнувал општите услови за остварување на правото на пензија без примена на тие членови, се обезбедува од Буџетот на Република Македонија.

## V. СТЕКНУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА ПРОГОНУВАНИ И ЗАТВОРЕНИ ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ

**Член 110**

Права од пензиско и инвалидско осигурување под посебни услови има и лице прогонувано и затворено за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност.

**Член 111**

Својството на лице прогонувано и затворано за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност со решение го утврдува посебна

комисија на Владата на Република Македонија, врз основа на одлука на надлежен орган.
Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Владата на Република Македонија.

**Член 112**

На лицето од член 111 на овој закон времето кога е прогонувано, односно времето поминато на издржување казна затвор му се признава во пензиски стаж во ефективно траење.

**Член 113**

Лицето од член 111 на овој закон и членовите на неговото семејство правата од пензиското и инвалидското осигурување ги остваруваат под истите услови како и другите осигуреници, ако со овој закон не е поинаку определено.

**Член 114**

На лицето од член 111 на овој закон пензијата му се определува од пензиска основа што преставува просечна плата остварена во Републиката во последната година пред годината во која се остварува пензијата зголемена за 30% или од пензиската основа, како и за другите осигуреници, ако тоа за него е поповолно.

**Член 115**

Лицето од член 111 на овој закон барањето за признавање во пензиски стаж на времето кога е прогонувано и времето поминато на издржување казна затвор го поднесува до стручната служба на Фондот.

**Член 116**

Средствата за признавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување под поповолни услови на лицата од член 111 на овој закон ги обезбедува Буџетот на Република Македонија за:
1) целиот износ на пензија ако осигуреникот ги исполнува условите за пензија со стажот од член 112 на овој закон;
2) разликата меѓу пензијата утврдена со стажот од член 112 на овој закон и пензијата утврдена без тој стаж во случаите кога осигуреникот ги исполнил условите за пензија и
3) разликата меѓу пензијата утврдена од пензиска основа, како и за другите осигуреници и пензијата утврдена од пензиската основа од член 114 на овој закон.

## VI. ПЕНЗИСКИ СТАЖ

**Член 117**

Во пензиски стаж во смисла на овој закон врз основа на кој се здобиваат и остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување се смета:

1) времето поминато во осигурување кое според одредбите на овој закон се смета во стаж на осигурување и
2) времето поминато во осигурување до денот на почетокот на примената на овој закон што според прописите што важеле до тој ден, се смета во пензиски стаж.

### 1.Стаж на осигурување што се смета во ефективно траење

**Член 118**

Во стаж на осигурување се смета времето што осигуреникот од членовите 11 и12 на овој закон по наполнети 15 години возраст го поминал во работен однос, односно на работа врз основа на која бил задолжително осигурен.

**Член 119**

Во стаж на осигурување се смета сето време поминато во работен однос со полно работно време.
Под време поминато во работен однос со полно работно време се подразбира и времето што во работен однос со скратено време ќе го поминат:
1) инвалидите на трудот, воените инвалиди, цивилните инвалиди од војната, како и други инвалидни лица, ако работат онолку време колку што одговара на нивната работна способност и
2) работничките - заради доење или нега на дете, односно работниците - заради нега на дете.
Во стаж на осигурување се смета и времето поминато во работен однос со неполно работно време, освен случаите од став 2 на овој член, во траење што одговара на вкупниот број часови на таквата работа остварена за одделни години, пресметани за полно работно време.
Одредбите на ставовите 1, 2 и 3 на овој член се применуваат и кога работното време е остварено со работа во два или во повеќе работни односи.

**Член 120**

Во стаж на осигурување се смета и времето што осигуреникот го поминал:
1) на боледување по престанувањето на работниот однос или на друга работа врз основа на која бил осигурен, ако за тоа време примал надоместок на плата и
2) на професионална рехабилитација, односно на преквалификација или доквалификација на која бил упатен како инвалид на трудот, или како воен инвалид, како слеп, лице заболено од дистрофија и сродни мускулни и невромускулни заболувања, од параплегија, церебрална и детска парализа и мултиплекс склероза или како цивилен инвалид од војната, без оглед на тоа дали пред тоа бил осигурен.

**Член 121**

Во стаж на осигурување се смета и времето што во текот на траење на работниот однос осигуреникот ќе го помине на стручно усовршување или на специјализација.

**Член 122**

Во стаж на осигурување се смета и времето кое осигуреникот во текот на траењето на работата врз основа на која е осигурен го поминал:
1) на неплатено отсуство до 30 дена во текот на една календарска година;
2) во истражен затвор до 30 дена
3) на издржување казна затвор до 30 дена и
4) како учесник во штрајк организиран во согласност со прописите за штрајк.
Во стаж на осигурување на осигуреникот му се смета сето време поминато под суспензија, а времето поминато во истражен затвор ако со правосилна одлука е ослободен од одговорноста, обвинението е одбиено или постапката е запрена, но не поради ненадлежност на судот.

**Член 123**

Во стаж на осигурување се смета и времето поминато надвор од работниот однос кое инвалидите на трудот ќе го поминат во чекање или вршење на професионална рехабилитација, односно преквалификација или доквалификација, како и чекање на соодветно вработување.

**Член 124**

Во стаж на осигурување се смета и времето поминато по престанувањето на задолжително осигурување за кое е платен придонес - продолжено осигурување, во случаите, под условите и на начинот што се утврдени со општ акт на Фондот.

**2. Стаж на осигурување што се смета со зголемено траење**

**Член 125**

На осигурениците кои работат на особено тешки и по здравјето штетни работни места, како и на осигурениците кои работат на работни места на кои по наполнувањето определени години на живот не можат со успех да ја вршат својата професионална дејност, стажот на осигурување им се смета со зголеменото траење. Степенот на зголемувањето на стажот на осигурување зависи од тежината на штетноста на работата, односно од природата на работата, така што работните места се распоредуваат во шест групи со тоа што секои 12 месеци ефективна работа се смета како 13, 14, 15, 16, 17 односно 18 месеци стаж на осигурување.

**Член 126**

Како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето можат да се утврдат работните места на кои се исполнети следните услови:

1) во врска со извршувањето на работите на работните места да постојат позначителни штетни влијанија врз здравствената состојба и врз работната способност на работниците, и покрај тоа што се применети сите општи и посебни заштитни мерки утврдени со прописите, како и другите мерки што можат да влијаат врз остварувањето и намалувањето на штетните влијанија;
2) работите на работните места под тешки и по здравјето штетни услови да се извршуваат непосредно покрај изворите на штетните влијанија, во непрекинатиот тек на работата и
3) работите на работните места под околностите од точките 1 и 2 на овој став да ги извршува ист работник во текот на полно работно време, земајќи го како полно работно време и работното време пократко од 42 часа неделно, определено за одделни работни места поради посебните услови за работа.

Како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што векот на вршење на професионалната дејност е ограничен со наполнувањето на определени години возраст, можат да се утврдат работните места во оние занимања во кои поради природата и тежината на работата, физиолошките функции на организмот опаѓаат во толкава мера што на работникот му го оневозможуваат натамошното успешно вршење на истата професионална дејност.

**Член 127**

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, постапката за нивно утврдување, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места ги утврдува Фондот со општ акт.

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење се утврдуваат по претходно прибавено мислење од соодветни стручни и научни организации, на иницијатива на работодавците.

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење подлежат на ревизија што ја врши Фондот на начинот и според постапката утврдени со општ акт на Фондот.

Ревизијата се врши најдоцна во рок од пет години од денот на утврдување на тие работни места.

**Член 128**

Стажот на осигурување со зголемено траење им се смета и на осигурениците што во работен однос, односно на работа врз основа на која биле задолжително осигурени, поминале работејќи со полно работно време, како: осигуреници, со телесно оштетување од најмалку 70 % (член 82 ставови 1 и 3 на овој закон), воени инвалиди од И до ВИ група, цивилни инвалиди од војната од И до ВИ група, слепи лица, лица заболени од дистрофија и сродно мускулни и невро- мускулни заболувања и од параплегија, церебрална и детска парализа и од мултиплекс склероза.

На осигурениците од став 1 на овој член секои 12 месеци ефективно поминати во работен однос врз основа на кој се осигурени им се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување, а старосната граница пропишана за

здобивање на старосна пензија од член 17 им се намалува за по една година за секои пет години ефективно поминати на таква работа.

**Член 129**

На осигурениците од член 119 став 2 на овој закон кои работат на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, стажот на осигурување им се зголемува само за она време што ефективно го поминале на работа.

По исклучок од одредбата на став 1 на овој член, на осигурениците на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење од член 128 на овој закон, тој стаж им се зголемува и ако работеле со скратено работно време, како да работеле со полно работно време.

**Член 130**

Во стаж на осигурување со зголемено траење се смета и времето за кое осигурениците биле осигурени во пензиското и инвалидското осигурување во својство на воен осигуреник или граѓанско лице на служба во Југословенската народна армија, освен времето што граѓанското лице на служба во Југословенската народна армија го поминало во трупа и тоа под условите и во обемот што се утврдени со прописите со кои било уредено пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници.

## VII. ДОБРОВОЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 131**

Лицата кои не се опфатени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување можат со доброволно пензиско и инвалидско осигурување, врз основа на посебни вложувања, за себе и за членовите на своето семејство да обезбедат право на пензија под услови и на начин утврдени со општ акт на Фондот.

**Член 132**

Осигурениците што се опфатени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување можат со доброволно пензиско и инвалидско осигурување за себе и за членовите на своето семејство да обезбедат повисок износ на пензија од пензијата определена врз основа на задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

Со повисок износ на пензија од став 1 на овој член осигуреникот се здобива кога ќе ги исполни условите за здобивање со право на пензија по овој закон и со истовремено исполнување на условите од доброволното осигурување.

Фондот со општ акт одлучува и ги утврдува условите и начинот за стекнување со право на повисок износ на пензија. Осигурителните премии и услови за стекнување со повисок износ на пензија спогодбено ги утврдуваат осигуреникот и Фондот.

## VIII. ОСТВАРУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ГУБЕЊЕ НА ПРАВАТА

### 1. Остварување на правата

**Член 133**

Право од пензиското и инвалидското осигурување може да оствари лице, кое има својство на осигуреник според овој закон.

Својството на осигуреник се воспоставува врз основа на пријава за осигурување што во согласност со прописите за матична евиденција, ја поднесуваат:

1) работодавците - за работниците вработени кај нив;
2) физичките лица што вршат дејност - сами за себе;
3) индивидуалните земјоделци - сами за себе;
4) Републичкиот завод за вработување - за невработени лица кои примаат паричен надоместок, или се на стручно оспособување, преквалификација или доквалификација и
5) обврзниците за плаќање придонес за пензиско и инвалидско осигурување - за лицата од член 11 став 1, точки 11 и 12 и од членовите 14 и 15 на овој закон.

Ако лицата од став 2 точки 2 и 3 на овој член не поднесат пријава, својството на осигуреник го утврдува Фондот по службена должност.

Ако работодавецот не поднесе пријава за осигурување, работникот односно лицето за кое не е поднесена пријава може да бара Фондот да донесе решение за утврдување на својство на осигуреник.

Фондот со општ акт поблиску го уредува начинот на утврдувањето на својство на осигуреник.

**Член 134**

Постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување се поведува по барање на осигуреникот, односно на корисникот на пензија, а за остварување право на семејна пензија и други права на членовите на семејството на осигуреникот, односно на корисникот на пензија по барање на членот на семејството.

Постапка за утврдување на инвалидност кај осигуреникот се поведува и на предлог на работодавецот кај кого осигуреникот е во работен однос, како и на предлог на лекарот што го лекува или на лекарска комисија.

Со предлогот од став 2 на овој член подносителот на предлогот е должен да приложи медицинска, односно работна и друга документација потребна за утврдување на инвалидноста.

Осигуреникот е должен да учествува во постапката која е поведена во смисла на став 2 на овој член.

**Член 135**

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат во Фондот, ако во него осигуреникот бил последен пат осигурен.

Фондот е надлежен и кога правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат врз основа на меѓународни договори.

**Член 136**

Барање за остварување право од пензиско и инвалидско осигурување се поднесува до Фондот, односно до работодавецот за паричните надоместоци од член 54, точки 1, 2 и 3 на овој закон.

Во постапката за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување ќе се применуваат прописите за општата управна постапка, а за правата кои се остваруваат кај работодавецот прописите за работни односи, ако со овој закон не е поинаку определено.

Фондот, односно работодавецот со општ акт, во согласност со одредбите на овој закон, поблиску го уредува начинот на остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 137**

Промените на состојбата на инвалидноста и телесно оштетување на осигуреникот, кои се од влијание на правото признато со правосилно решение, можат да се утврдуваат во постапка покрената по барање на осигуреникот.

По исклучок од став 1 на оној член, надлежниот орган за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување, може, на иницијатива на лекар поединец, комисијата за оцена на работната способност, работодавецот или на Фондот да определи повторен комисиски преглед на инвалидите на трудот со преостанатата работна способност кои по таа основа се стекнале со некое право заради утврдување на промени во состојбата на инвалидноста, односно заради утврдување на потребата и можноста за поцелесообразно искористување на преостанатата работна способност.

**Член 138**

Пензискиот стаж и платата, како и другите факти од влијание врз стекнувањето и утврдувањето на правата се земаат предвид при остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, врз основа на податоците утврдени во матичната евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Матичната евиденција ќе се уреди со посебен закон.

**Член 139**

За остварување на правата врз основа на губење на работната способност, преостанатата работна способност, телесно оштетување, потреба од помош и нега и неспособност за работа врз основа на која се остварува семејна пензија, фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност.

Комисијата од став 1 на овој член се формира во рамките на Фондот.

Наодот, оцената и мислењето со кои е утврдена изгубената работна способност, односно преостанатата работна способност врз основа на која се стекнува право на инвалидска пензија, подлежи на претходна контрола која се обезбедува во Комисијата за оцена на работната способност на Фондот.

Со општ акт на Фондот се уредува составот на Комисијата за оцена на работната способност од став 1 на овој член, начинот и постапката на вршењето на претходната контрола од став 2 на овој член и се уредуваат други прашања во врска со работата на Комисијата за оцена и работната способност.

**Член 140**

Решение за правата од пензиското и инвалидското осигурување донесува Фондот, најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на уредно барање.

Во случаите кога на донесувањето на решението му претходи утврдување на фактичка состојба во смисла на член 139 на овој закон Фондот е должен да донесе решение најдоцна во рок од 45 дена од денот на поднесувањето на барањето.

По исклучок од став 1 на овој член решение за правата на паричните надоместоци од член 54 точки 1, 2 и 3 на овој закон донесува надлежен орган на работодавецот во која работникот е вработен.

**Член 141**

Против решението донесено во прв степен на Фондот, односно кај работодавецот осигуреникот, корисникот на пензија или членот на семејството има право на жалба до второстепениот орган на фондот, односно кај работодавецот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Кога постапката за утврдување на инвалидност е поведена согласно со член 134, став 2 на овој закон, право на жалба има и работодавецот.

Жалбата од став 1 на овој член не го одложува извршувањето на решението, освен ако со жалбата се напаѓа оцената за утврдувањето на инвалидноста.

**Член 142**

Против второстепеното решение на Фондот може да се поведе управен спор, а против второстепеното решение на работодавецот - работен спор.

**Член 143**

Ако по донесувањето на конечно решение се сознае за нови факти, или се најдат односно се добие можност да се употребат нови докази кои сами или во врска со веќе изведените и употребените докази би можеле да доведат до поинакво решение, ако тие факти односно докази би биле изнесени или употребени во поранешната постапка, може по исклучок од условите кои во такви случаи според Законот за општата управна постапка се бараат за покренување обнова на постапката, да се покрене обнова на постапката по однос на правата од пензиското и инвалидското осигурување и кога е пропуштено во поранешната постапка да се изнесе некој од тие факти, односно докази.

Обнова на постапката се покренува по барање на странката или по службена должност.

Обнова на постапката во случаите од став 1 на овој член се покренува без оглед на роковите што се предвидени во Законот за општата управна постапка за барање обнова на постапката, односно покренување на таква постапка.
Ако барањето за обнова на постапката е поднесено, односно постапка за обнова е покрената во рок од пет години од денот на врачувањето на решението на странката, во постапката за обнова се применуваат прописите што важеле во време на донесувањето на решението. Ако барањето е поднесено, односно постапката за обнова е покрената по истекот на овој рок, во постапката за обнова се применуваат прописите кои важеле во времето на поднесувањето на барањето за обнова на постапката, односно во времето на покренувањето на таа постапка.
Во постапката за решавање на барањата за обнова на постапката за утврдување на пензиски стаж се применуваат одредбите на Законот за општа управна постапка.

**Член 144**

Правата утврдени со решение донесено во постапката за обнова во смисла на член 143 на овој закон, припаѓаат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесувањето на барањето за обнова на постапката, односно по донесувањето на решението во обновената постапка по службена должност.

**Член 145**

Правосилно решение, по барање на странката или по службена должност, може да се измени со ново решение, ако со правосилното решение е повреден законот или општ акт на Фондот на штета на странката.
Ако со правосилното решение е повреден законот или општ акт на Фондот на штета на странката, правото по новото решение припаѓа од денот кога се исполнети условите за стекнување со правото.

**Користење и губење на правата**

**Член 146**

Правата од пензиското и инвалидското осигурување утврдени со овој закон, се здобиваат и пристигнуваат со денот на исполнувањето на условите, ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите, а ако барањето е поднесено по истекот на тој рок од поднесувањето на барањето и за шест месеци station наназад.
Правото на старосна пензија се остварува по престанокот на осигурувањето.
По исклучок на ставот 1 на овој член правото на паричен надоместок за помош и нега припаѓа од денот на поднесувањето на барањето.
Правата по основа на преостанатата работна способност и правото на паричен надоместок за телесно оштетување се стекнуваат и пристигнуваат со денот на исполнувањето на условите, со тоа што овие права можат да се остваруваат и во текот на осигурувањето.

**Член 147**

Пензијата и другите парични надоместоци се утврдуваат во месечен износ и се исплатуваат наназад.

Фондот е должен да ги исплатува во Републиката износите што му припаѓаат на корисникот според овој закон во случаите кога корисникот има живеалиште надвор од територијата на Република Македонија.

Фондот му обезбедува на корисникот исплата на износите што му припаѓаат според овој закон во случаите кога корисникот има живеалиште надвор од територијата на Република Македонија под услови предвидени со овој закон, со меѓународен договор или ако постои реципроцитет.

**Член 148**

Правото на работа со скратено работно време, правото на распоредување, правото на соодветно вработување, правото на преквалификација или доквалификација, како и паричните надоместоци во врска со тие права се ограничуваат, односно престануваат доколку во рок од еден месец осигуреникот или корисникот на правото не стапи на определеното работно место, односно не прифаќа преквалификација или доквалификација, ако без оправдани причини ја прекине работата, преквалификацијата или доквалификацијата, ако не се пријави кај Републичкиот завод за вработување, или ако во тој рок не се јави на поканата за повторно оценување на работната способност, односно на потребата од помош и нега.

**Член 149**

На корисник на пензија и паричен надоместок за телесно оштетување - странски државјанин кој ќе се исели на постојано живеење во земјата чиј е државјанин, пензијата му се исплатува во странство ако со односната држава е склучен меѓународен договор за плаќање на пензиите во странство, или ако постои реципроцитет.

**Член 150**

На корисникот на пензија - државјанин на Република Македонија кој ќе се исели во странство, пензијата и другите парични примања му се исплатуваат ако таква обврска е предвидена со меѓудржавен, односно со меѓународен договор. Ако таква обврска не е предвидена, Фондот може да одобри исплата оценувајќи ја материјалната положба и оправданоста за иселувањето во странство.

**Член 151**

На корисникот на паричен надоместок од член 61 став 3 на овој закон, паричниот надоместок му се исплатува додека корисникот има постојано место на живеење на територијата на Република Македонија.

**Член 152**

На корисниците на пензија на кои не им се врши исплата на пензијата според членовите 149 и 150 на овој закон, ако повторно се населат во

Република Македонија, исплатата на пензијата им продолжува од првиот ден на наредниот месец по враќањето во Република Македонија.

**Член 153**

Корисникот на право остварено според овој закон е должен да ја пријави секоја промена што влијае врз правото или врз обемот на користењето на правото најдоцна во рок од 30 дена од денот кога настанала промената.

**Член 154**

На корисник на пензија, додека е во работен однос или додека врши дејност во Републиката или во странство му се запира исплатата на пензијата.

**Член 155**

Правото на семејна пензија престанува за членот на семејството кај кого поради настанатата промена повеќе не постојат посебните услови од кои зависи стекнувањето и траењето на тоа право.

**Член 156**

Правата стекнати врз основа на преостанатата работна способност и телесното оштетување во текот на користењето, можат да се менуваат зависно од настанатите промени на преостанатата работна способност, потребата од помош и нега, односно степенот на телесното оштетување.
Кога промената од став 1 на овој член е утврдена по барање на корисникот на правото, правото престанува или се менува, односно се стекнува ново право од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето.
Кога промената од став 1 ќе настане во постапка покрената по службена должност, правото престанува или се менува односно се стекнува ново право од конечноста на решението со кое е утврдена промената.

**Член 157**

Ако осигуреникот, односно корисникот на пензија се здобие со право на две или повеќе пензии според овој закон, може да користи само една од тие пензии по сопствен избор.
Семејната пензија се користи како една пензија и кога е одредена на повеќе сокорисници доколку сокорисниците не бараат пензијата да им се исплатува одделно.

**Член 158**

Пензијата може да биде предмет на извршување и обезбедување до една третина, а за побарување по основа на издржувањето утврдено со судска одлука или со спогодба до една половина.
Паричниот надоместок за телесно оштетување и паричниот надоместок за помош и нега не можат да бидат предмет на извршување и обезбедување.

**Член 159**

Пристигнатите месечни износи на пензија и други права од пензиското и инвалидското осигурување кои не можеле да бидат исплатени поради

околностите што ги предизвикал корисникот на правото, дополнително ќе се исплатат најмногу за три години наназад, сметајќи од денот кога по престанокот на дејствувањето на тие околности корисникот на правото ќе поднесе барање за исплата.

## IX. ФОНД НА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### 1. Фонд

### Член 160

Во Фондот:
1) се извршува политиката на развојот на пензиското и инвалидското осигурување;
2) се следат и анализираат состојбите во пензиското и инвалидското осигурување;
3) се предлага преземање мерки за унапредување на системот на пензиското и инвалидското осигурување,
4) се преземаат мерки за рационално користење на средствата потребни за обезбедување на правата од пензиското и инвалидското осигурување;
5) се усвојува годишен извештај за работа на стручната служба на Фондот;
6) се донесуваат Статутот на Фондот и општи акти за поблиско уредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување;
7) се донесува Буџет на фондот и се усвојува завршната сметка на Фондот;
8) се донесуваат општи акти за формирање и организацијата на стручната служба на Фондот, се утврдуваат средствата потребни за нејзината работа;
9) се уредуваат правата, обврските и одговорностите на органот на управување, директорот и на стручната служба на Фондот;
10) се спроведува доброволното осигурување;
11) се решава во прв и втор степен за правата од пензиското и инвалидското осигурување и се врши исплата по донесените решенија;
12) се спроведуваат меѓународни договори и меѓудржавните спогодби од областа на пензиското и инвалидското осигурување и
13) се вршат други работи определени со закон, Статутот и другите општи акти на Фондот.

### Член 161

Органи на Фондот се Управниот одбор и директорот.

### Член 162

Орган на управување на Фондот е Управниот одбор.
Управниот одбор има девет членови кои ги именува Владата на Република Македонија за време од четири години.
Управниот одбор од своите редови избира претседател, за време од четири години.
Управниот одбор на Фондот, најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа на Владата на Република Македонија.

**Член 163**

Управниот одбор на Фондот:

1) донесува Статут и други општи акти на Фондот;
2) донесува програма и план за работа;
3) донесува акти за организација и работа на Фондот и општ акт за систематизацијата на работите во Фондот;
4) донесува Буџет на Фондот и усвојува завршна сметка на Фондот:
5) управува со средствата на Фондот;
6) одлучува за користење на средствата на Фондот;
7) се грижи за остварување на доброволното осигурување:
8) го следи остварувањето на меѓународните договори и меѓудржавните спогодби од областа на пензиското и инвалидското осигурување;
9) се грижи уплатата на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување да биде редовна;
10) разгледува прашања, извештаи, информации и други материјали во врска со состојбите и проблемите од пензиското и инвалидското осигурување и други работи од надлежности на Фондот;
11) именува и разрешува директор на Фондот;
12) презема мерки за обезбедување и функционирање на информациониот систем на Фондот;
13) основа комисии и други работни тела и
14) одлучува и за други работи утврдени со закон и Статутот на Фондот.

**Член 164**

Фондот има директор кого, по пат на јавен конкурс го именува Управниот одбор.

За директор на Фондот може да биде именувано лице кое ги исполнува условите пропишани со Статутот на Фондот.

Согласност на одлуката за именување на директорот на Фондот дава Владата на Република Македонија.

Директорот на Фондот се именува за време од четири години.

По истекот на рокот од став 4 на овој член истото лице може повторно да биде именувано за директор.

Директорот го претставува и застапува Фондот.

**Член 165**

Директорот на Фондот во рамките на своите права и должности утврдени со овој закон:

1) организира и обезбедува законито и ефикасно извршување на работите од делокругот на Фондот и е одговорен за законитоста во работата на Фондот;
2) предлага на Управниот одбор на Фондот прашања за расправа и донесува одлуки од негова надлежност;
3) се грижи за извршување на донесените одлуки, насоки и заклучоци на Управниот одбор на Фондот;
4) поднесува на Управниот одбор на Фондот извештаи и анализи за прашања од пензиското и инвалидското осигурување и дава предлози за решавање на прашања кои одлучува Управниот одбор на Фондот;

5) ја организира и координира работата на вработените во Фондот и одлучува за остварување на нивните права и обврски од работен однос, согласно со законите и другите прописи од работните односи и колективен договор и
6) врши други работи кои со закон, Статутот или другите општи акти се ставени во негова надлежност.

**Член 166**

Ако на конкурсот за именување на директор на Фондот не се јави никој или ако Управниот одбор на Фондот не именува ниту еден од предложените кандидати, се распишува нов конкурс.
Ако директорот на Фондот не е именуван, Управниот одбор на Фондот ќе именува вршител на должноста директор, без конкурс.
Вршителот на должноста директор на Фондот ги има сите права и должности на директор.
Вршителот на должноста директор на Фондот може да ја врши таа должност до именувањето на директор, а најдолго шест месеци од денот на неговото именување.
Ако не биде именуван директор на Фондот во рокот од став 4 на овој член, Владата на Република Македонија именува вршител на должноста на директор на фондот за време најдолго од шест месеци.

**Член 167**

Директорот на Фондот може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил именуван:
1) на негово барање;
2) ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работните односи, му престанува работниот однос, по сила на законот;
3) ако не постапува според закон, Статутот и општите акти на Фондот или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;
4) ако со својата несовесна и неправилна работа му предизвика на Фондот значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во дејноста на Фондот;
5) ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување и
6) ако работи спротивно на законот.
Управниот одбор на Фондот пред донесување одлука за разрешување, должен е да го запознае директорот со причините за разрешување и да му даде можност да се изјасни по нив.
Против одлуката за разрешување на директорот, лицето има право да бара судска заштита, ако смета дека била повредена постапката за разрешување и дека таа повреда можела суштински да влијае на одлуката или дека не постојат причини за разрешување пропишани со законот и Статутот на Фондот.

### Член 168
Управните, финансиските, стручните, административните и другите работи за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, утврдени со законот и Статутот на Фондот ги вршат вработените во Фондот.
За вршење на работите од став 1 на овој член Фондот образува единствена стручна служба со подрачни единици во општините.
Правата и обврските од работен однос вработените оо стручната служба на Фондот ги остваруваат во согласност со прописите од работните односи и колективен договор.
Вршењето на поединечни управни работи во управна постапка за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување во согласност со законот, има карактер на јавни овластувања кои ги врши стручната служба на Фондот.

### Член 169
Фондот има Статут:
Со Статутот на Фондот особено се уредува:
1) организацијата и начинот на работењето на Фондот;
2) начинот на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување во согласност со законот;
3) правата, обврските и одговорностите на органите на управување на Фондот;
4) претставувањето и застапувањето на Фондот:
5) јавноста во работењето на Фондот и неговите органи;
6) начинот на организирањето и вршењето на стручно- административните правни и други работи во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување;
7) постапката за донесување општи и поединечни акти и
8) други прашања од значење за работењето на Фондот.
Согласност на Статутот на Фондот дава Владата на Република Македонија.

### Член 170
Министерството за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на работата на Фондот.
Министерството за труд и социјална политика може да запре извршување на општ акт на Фондот, ако не е во согласност со овој закон или ако не е во согласност со Уставот, до донесувањето на Одлуката на Уставниот суд.

## X. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 171
Средствата за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување во Фондот ги обезбедуваат работодавците и лицата осигурени според овој закон, во согласност со утврдените потреби во пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 172**

Средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување се обезбедуваат со:

1) плаќање на придонес од платата на работниците и со придонесот од добивката, како и со придонес од приходот што физичкото лице, односно земјоделецот ќе го оствари со вршењето на својата дејност;

2) со плаќање на придонес за доброволно пензиско и инвалидско осигурување;

3) од Буџетот на Република Македонија;

4) од приходот од фондовите на пензиското и инвалидското осигурување на републиките на поранешна СФРЈ, кај кои е навршен дел од стажот на осигурувањето;

5) од имот на Фондот и

6) од други приходи.

Приходите на Фондот ги сочинуваат и средствата остварени по основа на трансформација на општествениот капитал во согласност со законот.

**Член 173**

Придонесите за пензиското и инвалидското осигурување се планираат така што со средствата од тие придонеси заедно со другите приходи да се обезбеди извршување на сите обврски на Фондот и потребни средства на резервата.

**Член 174**

Стапките на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување ги утврдува Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата на Република Македонија.

Стапките на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат за период за кој се донесува Буџетот на Фондот.

По исклучок од став 2 на овој член стапките на придонесите можат да се донесуваат и за период пократок од една година во зависност од економските движења и очекуваните обврски на Фондот, со измена на Буџетот на Фондот.

Одлуките за стапките на придонесите се донесуваат и се објавуваат пред почетокот на календарската година во која почнува нивната примена.

**Член 175**

Придонеси за пензиското и инвалидското осигурување се:

1) придонес од платата, односно од надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа;

2) придонес од основици на осигурување;

3) придонес од доброволно осигурување;

4) придонес од добивката за стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење и

5) придонес за осигурување на лицата осигурени за одредени случаи.

За осигурениците од одбраната, за осигурениците од внатрешни работи и од казнено - поправните установи и воспитно - поправните домови,

средства за придонес за стажот на осигурување кој се смета со зголемено траење обезбедува Буџетот на Република Македонија.

**Член 176**

Средствата за пензиското и инвалидското осигурување можат да се користат само за намени утврдени со Законот и тоа:

1) за исплата на пензиите и другите парични примања од пензиското и инвалидското осигурување;

2) за придонес за здравствено осигурување;

3) за надоместоци за стажот остварен во Фондот кога пензијата по основа на тој стаж се остварува во фондовите на пензиското и инвалидското осигурување на поранешните републики на СФРЈ и

4) трошоци за работа на органот на Фондот и за извршување на управните, административните, финансиските, техничките и другите работи за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување.

Средствата за пензиското и инвалидското осигурување под услов да се исполнети обврските од став 1 на овој член, во согласност со Статутот на Фондот, можат да се користат за унапредување на инвалидската заштита и за општествен стандард на корисниците на пензија.

Придонесот од платата се определува во единствена пропорционална стапка за исти осигурени случаи, врз основа на просечните расходи на Фондот предвидени за периодот за кој се утврдува стапката на придонесот.

По исклучок од став 2 на овој член за одделни категории на осигуреници се утврдува посебна стапка во зависност од обемот на правата утврдени со овој закон.

**Член 177**

Со придонесот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се обезбедуваат средства за покривање на зголемените обврски на пензиското и инвалидското осигурување, кои настануваат поради сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење и намалувањето на старосната граница за стекнување со право на старосна пензија.

Стапката на придонесот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се утврдува според стапката на придонесот од платата сразмерно со степенот на зголемувањето на ефективниот стаж на осигурување и обемот на намалувањето на старосната граница.

Придонесот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се пресметува од платата на вработените на кои стажот на осигурувањето им се смета со зголемено таење, а го плаќаат работодавците од добивката.

**Член 178**

За лицата кои немаат својство на осигуреник, а со овој закон се осигурени за одредени случаи, се пресметува и се плаќа придонес за осигурување во случај на инвалидност и телесно оштетување од основица и по стапки или во фиксни износи што ги утврдува Фондот со општ акт.

**Член 179**

Во Фондот се формираат средства на резерва доколку со завршната сметка на Фондот се оствари вишок на приходите над расходите.

Издвојување во резервата се врши сî додека вкупниот обем на овие средства не достигне ниво на едномесечна исплата на пензиите и другите давања од пензиското и инвалидското осигурување.

Средствата на резервата служат за обезбедување на стабилно и ликвидно работење на фондот.

**Член 180**

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од платата за работниците кај работодавците претставува бруто платата во која се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од платата, односно основицата од која е пресметан надоместокот на платата.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за физичките лица што вршат дејност, претставува основицата од која се пресметува и плаќа данок од плата зголемена за придонесите (бруто основица).

За работниците, вработени кај работодавците како основица за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се зема платата утврдена со договорот за работа.

За работниците кои се упатени на работа во странство од работодавците како основица за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се зема просечната плата на работникот остварена во годината пред упатувањето на работа во странство, усогласена за порастот на просечните плати кај работодавецот кој го упатил на работа во странство.

На осигурениците кои не се опфатени со ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член, придонесот за пензиско и инвалидско осигурување ги утврдува Фондот со општ акт.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од платата не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник во стопанство на Републиката објавен во тековниот месец.

Основици за пресметување и плаќање придонес за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци, претставуваат основиците за осигурување. Основиците на осигурување се определуваат според висината на катастарскиот приход од земјоделска дејност.

Индивидуалниот земјоделец, по негово барање може да биде распореден во повисока основица на осигурување од онаа во која би бил распореден според висината на катастарскиот приход.

Основицата за пресметување и плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци, не може да биде помала од 50 % од просечната плата остварена во Републиката во претходно тримесечје.

Фондот со општ акт ги определува основиците на осигурување за индивидуалните земјоделци.

Во текот на годината, основиците на осигурување од став 10 на овој член се усогласуваат со движењето на платите во претходното тримесечје.

**Член 181**

Републиката обезбедува средства за покривање на обврските на пензиското и инвалидското осигурување што настануваат со признавањето и определувањето на пензии од поповолни услови.

Начинот, постапката и методологијата за утврдување и пресметување на обврските на Републиката од ставот 1 на овој член ќе се регулира со Правилник што го донесува министерот за финансии.

**Член 182**

Обврзници за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување се:

1) работодавците за своите работници;

2) физичките лица што вршат дејност како и осигурениците, односно лицата во доброволно пензиско и инвалидско осигурување сами за себе;

3) работодавците и Фондот за здравствено осигурување за работниците што примаат надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа;

4) младинските задруги за лицата од член 15 точка 2 на овој закон;

5) Републичкиот завод за вработување - за лицата од член 11 точка 9 и член 14 точка 5 на овој закон;

6) асоцијацијата утврдена со закон - за лица од член 11 точка 12 на овој закон;

7) Министерството за култура за лицата од член 11 став 1 точка 1 на овој закон;

8) организациите за насочено образование - за лицата од член 14 став 1 точка 1 на овој закон;

9) казнено - поправните установи и воспитно - поправните домови - за лицата од член 14 став 1 точка 2 на овој закон;

10) организации за лицата од член 14 став 1 точка 3 на овој закон;

11) органите, односно организациите кои ги организираат акциите за спасување и одбрана - за лицата од член 15 став 1 точка 1 на овој закон;

12) органите за лицата од член 15 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон;

13) организаторите на манифестации, односно натпревари за лица од член 15 став 1 точка 5 на овој закон и

14) организаторите на натпревари - за лицата од член 15 став 1 точка 6 на овој закон.

Организациите за професионална рехабилитација и за вработување на инвалиди за вработените инвалиди не плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување.

Средствата за неуплатениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување на став 2 од овој член ги обезбедува Буџетот на Република Македонија.

## Член 183

Уплатата на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување од платата, односно од добивката, обврзниците ја вршат кај институцијата за платен промет, при исплатата на средствата за платите.
Пресметувањето и наплатувањето на придонесот за физичките лица што вршат дејност и на индивидуалните земјоделци го врши органот за јавни приходи врз основа на сопствени податоци.
Органот од став 2 на овој член на почетокот на годината, а најдоцна до крајот на месец март во тековната година, е должен на Фондот да му доставува податоци за основиците, платениот придонес, пресметаните камати за физичките лица што вршат дејност и за индивидуалните земјоделци.
Пресметувањето и наплатувањето на придонесот за физичките лица што вршат дејност, кои не се обврзници за плаќање данок од вршење на дејност го врши Фондот.

## Член 184

За застареноста, отпишувањето, присилната наплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, како и за казнените камати се применуваат прописите за даноците на граѓаните.
За периодите за кои не е платен придонес за пензиско и инвалидско осигурување тој придонес се пресметува така што платата, односно основицата на осигурување се валоризира со коефициентот за годината за која не е платен придонесот сведен на ниво на годината што ñ претходи на годината во која се врши наплатата.
Начинот и постапката за наплатата на придонесот од став 2 на овој член поконкретно ќе се уреди со општ акт на Фондот.

## Член 185

Фондот има право да врши увид во евиденцијата за пресметувањето и наплатувањето на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.
Ако при вршењето на увидот од став 1 на овој член Фондот утврди дека не е правилно пресметан и наплатен придонесот, ќе поднесе барање до институцијата за платен промет да преземе мерки од нејзина надлежност, заради наплата на придонесот.
Фондот има право на увид во евиденцијата кај физичките лица што вршат дејност и кај лицата осигурени за одредени случаи заради увид на правилноста на пресметувањето и уплатата на овој придонес.
Ако при вршењето на увидот од став 3 на овој член Фондот утврди дека не е правилно пресметан и наплатен придонесот, ќе поднесе барање до органот за јавни приходи заради преземање мерки од неговата надлежност за наплата на придонесот.

## XI. НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

### Член 186

Лицето на кое му е извршена исплата на товар на Фондот на која немало право должно е да го врати примениот износ и да ја надомести сета друга штета, и тоа:

1) ако врз основа на неточни податоци за кои знаело или било должно да знае дека се неточни или на друг противправен начин остварило некое примање од Фондот на кое немало право или го остварило во поголем износ отколку што му припаѓало и

2) ако остварило примање поради тоа што не пријавило, или подоцна пријавило промени кои влијаат врз губењето, односно користењето на правото или на неговата висина, а знаело или било должно да знае за тие промени.

Лицето на кое му се вршени исплати во износ поголем од износот определен со решението, односно друга соодветна исправа, должно е да ги врати на фондот износите што не му припаѓаат, независно од вината на осигуреникот.

### Член 187

Работодавците, осигурениците кои со сами обврзници за плаќање на придонесот, организациите за осигурување имоти и лица и други правни и физички лица, должни се да ја надоместат сторената штета на Фондот за која се одговорни согласно со прописите за надоместок на штета, вклучувајќи ја и одговорноста на штета сторена со недопуштени дејства или пропусти на друг, или која е сторена со средства од кои произлегува зголемена опасност.

### Член 188

Кога штетата е сторена со исплати врз основа на инвалидност, телесно оштетување или смрт на осигуреникот предизвикани со противправно дејство или со препуштање, постои обврска за надоместок на штетата без оглед на тоа што ризикот на инвалидност, телесно оштетување или смрт се опфатени со пензиското и инвалидското осигурување.

### Член 189

Надоместокот на штета предизвикана во членовите 186 и 188 од овој закон ги опфаќа сите парични давања исплатени по основа на признатото право од пензиското и инвалидското осигурување, при што не се пресметуваат износите на уплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување, ниту пак се зема предвид должината на навршениот пензиски стаж на осигуреникот.

Со барањето за надоместок на штета може да се опфати вкупниот износ на штетата или износот на делот од штетата пресметан за определен временски период што истекол.

Кога штетата се состои во обврска на Фондот на трајни парични давања, Фондот може да бара плаќање на надоместокот на штета во вкупен износ.

Овој износ се пресметува според висината на примената пензија, паричниот надоместок за телесно оштетување и паричниот надоместок за помош и нега и според веројатното траење на користењето на тие права.

**Член 190**

Надоместокот на штета, причината на фондот, односно враќањето на незаконски и неправилно извршените исплати на пензии и други давања од пензиското и инвалидското осигурување, се врши по одредбите на Законот за облигациони односи.

## XII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 191**

Со парична казна од 20 - 60 плати ќе се казни за прекршок работодавецот ако:

1) оневозможи остварување и користење на права по основа на преостаната работна способност (член 61 став 1);
2) не поднесе пријава за осигурување (член 133);
3) изврши исплата на плата, а не уплати придонес за пензиското и инвалидското осигурување (членови 182 и 183);
4) не донесе решение за правата на парични надоместоци (член 54 точки 1, 2 и 3) и
5) го оневозможи фондот да врши увид на пресметување и наплатата на придонесот (член 185).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај работодавецот со парична казна од две до десет плати.

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и физичкото лице што врши дејност со парична казна од две до дванаесет плати.

**Член 192**

Со парична казна од две до десет плати ќе се казни за прекршок лицето кое е обврзано само за себе да поднесе пријава за осигурување, ако таа пријава не ја поднесе или ја поднесе по истекот на пропишаниот рок, како и корисникот на права од пензиското и инвалидското осигурување ако не ги пријави промените кои влијаат врз правото или врз обемот на користењето на правото (членови 133 и 153).

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 193**

На корисниците кои правата од пензиското и инвалидското осигурување ги оствариле пред денот на почетокот на примената на овој закон, тие права им се обезбедуваат и по денот на почетокот на примената на овој закон, во обем и висина кои не можат да бидат помали од обемот и висината утврдени според одредбите на овој закон.

По исклучок од став 1 на овој член со денот на почетокот на примената на овој закон престанува користењето на додатокот на пензија.

**Член 194**

Постапката за остварување на правото поведена на барање или по службена должност до денот на почетокот на примената на овој закон, ќе се заврши под условите и на начинот предвидени со прописите што биле во сила во времето на поднесувањето на барањето, ако престанокот на работниот однос е пред почетокот на примената на овој закон.

**Член 195**

Лицата кои немаат својство на осигуреници според овој закон, но тоа својство го имале според поранешните прописи, како и членовите на нивните семејства и членовите на семејствата на корисниците на правата според поранешните прописи, можат правата од пензиското и инвалидското осигурување да ги остварат под условите утврдени со овој закон.

**Член 196**

Пензиите на борците во НОВ, на учесниците во Народноослободителното движење во Грција, на учесниците во Народноослободителното движење во Егејскиот дел од Македонија и на членовите на нивните семејства, остварени пред денот на почетокот на примената на овој закон според Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, Законот за носителите на "Партизанска споменица 1941" и Законот за пензиско и инвалидското осигурување, им се обезбедуваат и по денот на почетокот на примената на овој закон во обем и висина определени со тие прописи, со тоа што овие пензии можат да се исплатуваат најмногу до износот на највисоката пензија утврдена со овој закон.

**Член 197**

Пензиите на воените осигуреници остварени пред денот на почетокот на примената на овој закон според Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници, им се обезбедуваат и по денот на почетокот на примената на овој закон во обем и во висина определени со тие прописи, со тоа што овие пензии можат да се исплатуваат најмногу до износот на највисоката пензија утврдена со овој закон.

**Член 198**

Средствата за исплатата на пензиите и другите примања од член 197 на овој закон ги обезбедува Буџетот на Република Македонија.

**Член 199**

Средствата за покривање на обврските што настануваат со признавањето на правата под поповолни услови согласно со член 196 на овој закон се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

**Член 200**

На корисниците на минимална старосна и семејна пензија кои правото на пензија го оствариле според Законот за старосното осигурување на земјоделците и Законот за пензиското и инвалидското осигурување, тие права им се обезбедуваат и по денот на почетокот на примената на овој закон.

**Член 201**

По смртта на корисникот на минимална старосна пензија од член 200 на овој закон, неговиот брачен другар може да се стекне со право на семејна пензија, ако по смртта на корисникот брачниот другар наполнил 65 години живот (маж), односно 60 години живот (жена), а борец во НОВ до 9 септември 1944 година - 60 години живот (маж), односно 55 години живот (жена).

Семејната пензија од став 1 на овој член се определува во ист износ како и минималната старосна пензија.

**Член 202**

Средствата за исплата на пензиите од членовите 200 и 201 се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

**Член 203**

По денот на почетокот на примената на овој закон на индивидуалните земјоделци заради исполнување на условите за остварување право на старосна, инвалидска или семејна пензија, во стаж на осигурување им се смета и времето поминато во осигурување според Законот за старосното осигурување на земјоделците, ако придонесот за тоа осигурување е платен во време на важењето на тој закон.

**Член 204**

Со денот на почетокот на примената на овој закон, стажот не може да се докажува врз основа на изјава на сведоци.

**Член 205**

Фондот, во рок од две години од денот на почетокот на примената на овој закон ќе изврши ревизија на сите досега утврдени работни места и ќе утврди единствена листа на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење. Со таа ревизија ќе се утврди на кои работни места престанува сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење, односно на кои работни места се менува степенот на зголемувањето на стажот, како и работните места на кои треба да се воведат определени заштитни мерки како предуслов за сметање на стажот на осигурување со зголемено траење.

**Член 206**

До донесувањето на посебниот закон од член 138 на овој закон ќе се применуваат прописите за матична евиденција за осигурениците и

корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, кои се применувале до денот на почетокот на примената на овој закон.

**Член 207**

До утврдувањето на правото на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на децата со пречки во психофизичкиот развој, со закон, детето на осигуреникот, односно на корисникот на семејна пензија со пречки во психофизичкиот развој има право на надоместок на трошоците за сместување и исхрана за време на стручно, односно работно оспособување.

Како дете со пречки во психофизичкиот развој, во смисла на став 1 на овој член, се смета дете кое според посебните прописи за категоризација и евидентирање на таквите деца е утврдено дека е со пречки во психофизичкиот развој.

Во рокот од став 1 на овој член, Фондот со општ акт поблиску ќе ги утврди условите и начинот под кои на децата со пречки во психофизичкиот развој им се обезбедува надоместок за сместување и исхрана за време на стручно, односно работно оспособување.

**Член 208**

До донесувањето на Листата на професионални болести и Листата на телесните оштетувања, професионалните болести и телесните оштетувања, ќе се утврдуваат по листите кои се применувале до денот на почетокот на примената на овој закон.

**Член 209**

Статутот и другите општи акти Фондот ќе ги донесе најдоцна три месеци од денот на почетокот на примената на овој закон.

До донесувањето на општите акти од став 1 на овој член ќе се применуваат Статутот и другите општи акти на Фондот.

**Член 210**

Со денот на почетокот на примената на овој закон престанува да важи Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување: ("Службен лист на СФРЈ" број 23/82, 77/82, 75/85, 8/87, 65/87, 78/89. 44/90 и 89/90) и ("Службен весник на Република Македонија" број 10/92); од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 36/91 и 12/93); одредбите на членовите 127, 128, 129, 130, 132, 133, 134, 135, 137, 138, 139, 147 и 161 од Законот за внатрешните работи - пречистен текст ("Службен весник на СРМ" број 37/80, 24/88 и "Службен весник на Република Македонија" број 36/91 и 19/92); одредбите на членовите 70, 71, 72, 73, 73-а, 73-в, 74, 75, 76 и 81 од Законот за извршувања на санкциите за кривични дела и стопански престапи ("Службен весник на СРМ" број 19/79, 50/81, 42/85, 35/86, 47/89 и "Службен весник на Република Македонија" број 19/92); одредбите на членовите 7, 8, 9, 10 и 11 од Законот за основните права на носителите на "Партизанска споменица - '41" ("Службен лист на СФРЈ" број 67/72, 40/73,

36/76, 39/77, 32/81, 68/81, 25/85, 44/89, 87/89 и 20/90); одредбите на членовите 8, 9, 10, 11 и 12 од Законот за основните права на борците од Шпанската Националноослободителна и револуционерна војна ("Службен лист на СФРЈ" број 67/72, 40/73, 33/76, 39/79, 32/81, 68/81, 25/85, 75/85, 44/89, 87/89 и 20/90); одредбите на членовите 9, 10, 11 и 12 од Законот за основните права на лицата одликувани со "Орден народен херој" ("Службен лист на СФРЈ" број 67/72, 21/74, 33/76, 39/77, 32/81, 68/81, 25/85, 75/85, 44/89, 87/89 и 20/90); Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници, освен главите ЏИ и ЏИИ ("Службен лист на СФРЈ" број 7/85, 74/87 и 20/89) и одредбите на членовите 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28 и 32 од Законот за самостојните уметници ("Службен весник на СРМ" број 46/82).

**Член 211**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1994 година.